ТЕОРИЈАТА НА ПРАВЕДНА ВОЈНА | „COCKERILL I-X“ | СИНГАПУРСКО БВП-ВОЗИЛО „HUNTER“ | „GRUMMAN F6F HELLCAT“

# ШТИТ

Број 158
Декември 2022
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## Армиските „скорпии“ од 2. пешадиски баталјон – синоним за професионалност и обученост



# Посета на Вооружените

Началникот на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, беше во неколкудневна посета на  Република Италија, при што оствари средба со началникот на Генералштабот на Вооружените сили на Италија, адмирал Џузепе Каво Драгоне. На средбата се разговараше за билатералната воена соработка, како и за можностите за проширување на истата. При оваа посета се истакна унапредувањето на понатамошната соработка, како заедничко учество во активностите на НАТО, во иницијативи со кои се подобрува безбедноста во регионот, изведување на заедничка обука и користење на капацитетите на АП „Криволак“. За време на средбата, од страна на началниците на генералштабовите беше истакнато значењето на воената соработка на двете земји за безбедноста во регионот и пошироко, како и за подобрување на заедничката интероперабилност во рамки на НАТО. Генералот Ѓурчиновски за време на престојот во Италија оствари средби и со заменикот на командантот на Командата на здружените оперативни сили, генерал-потполковник, Никола Ланца де



# сили на Република Италија

Кристофорис, претседателот на Центарот за високи воени студии, вицеадмирал Ѓакинто Отавиани и со командантот на НАТО Корпусот за брзо распоредување – Италија, генерал-потполковник Лоренцо ди Адарио. Генералот Ѓурчиновски ја посети највисоката воена образовна институција на италијанските Вооружени сили – Центарот за високи одбранбени студии, каде пред студентите одржа предавање и ја заокружи неколкудневната работна посета на Вооружените сили на Италија. Воената соработка со Република Италија во полето на одбраната, која е започната уште од мај 1997 година, се одвива преку повеќе армиски активности и поддршка во военото образование и обука, експертски разговори и менторирања во специфични области, но и заедничко учество во операциите на НАТО и на Обединетите нации. Значењето на подобрувањето на меѓусебната воена соработка за надминување на актуелните најразновидни безбедносни предизвици, особено во регионот, помеѓу другото, беше посочено и пред слушателите на Центарот за високи воени студии во Рим, за време на обраќањето на генералот Ѓурчиновски, кој пред 10 години дипломирал на оваа висока воена образовна институција.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
Соња Крамарска
Афрдита Волина
Тони Јаневски, потполковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)
Славко Јовановски
(технички уредник на овој број)

Печати:
„„Европа 92 ДООЕЛ Кочани“




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит



24
**Теоријата на праведна војна**



36
**„Cockerill i-X“ Белгиско интегрирано борбено возило од следната генерација**

# содржина

ШТИТ | година XIV | број 158 | декември 2022

Конференција
**„Кон отпорност и заштита на критичната инфраструктура: регионални искуства“**...................... 8

Нато-активности
**Релациите на НАТО со Русија**....... 10

На прва линија
**Безбедносните предизвици за Авганистан под талибанска власт** ........................................ 12

**Од идеја до изградба на систем на национална одбрана (10)**
**Воена помош за македонската армија од државите партнери на НАТО**......................................... 17

Народни херои
**Народниот херој Страшо Пинур**..................................... 22

Воена едукација
**Теоријата на праведна војна**.......... 24

Вежби
**Армиските „скорпии“ од 2. пешадиски баталјон – синоним за професионалност и обученост**............................................ 28

Вооружување
**Хеликоптер „LCH“**.......................... 34

Опрема
**Портјанки Руска замена за чорапите**........................................... 38

Вооружување
**Самоодна хаубица „ЕВА“ 155 мм** ........................................ 41

Иновации
**Платформата за вештачка интелигенција на „FedLearn“**...... 45

Воени музеи
**Музејот на пешадијата во „Форт Бенинг“, САД** .................. 48

Уметниците и војната
**Томас Харт Бентон Американскиот регионалист**....... 54

Филм
**„Англискиот пациент“**.................. 56

**Станечки Водопади на Козја Река**..................................... 58



32
**Сингапурско БВП-возило „Hunter“ („Ловец“)**



42
**„Grumman F6F Hellcat“**

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

КОН ОВОЈ БРОЈ

# *Кратка ретроспектива*

*Во овој, декемвриски број на „Штит“, ќе се потсетиме на неколку настани кои ја одбележаа 2022 година. На 17 јануари, со церемонија во Министерството за одбрана, Славјанка Петровска ја презеде функцијата министерка за одбрана. Таа, во своето прво обраќање, порача дека ќе биде силен двигател на развојот во одбраната и на процесите кои се веќе започнати, а кои ќе се реализираат со уште поинтензивна динамика. Набргу по назначувањето, министерката учествуваше на состанок на Алијансата на ниво на министри за одбрана во седиштето на НАТО во Брисел, состанок на којшто беше потврдена заложбата за зацврстување на колективната безбедност преку континуиран раст на одбранбените буџети на земјите членки на НАТО. Министерката учествуваше и на Минхенската безбедносна конференција, а на 16 март на вонредниот состанок на министрите за одбрана на НАТО во Брисел, каде што главни теми за дискусија беа руската инвазија на Украина и нејзиното влијание врз европската безбедносна инфраструктура, како и зајакнувањето на одвраќањето и одбраната на НАТО членките. На 12 април започнаа дводневните билатерални разговори меѓу Северна Македонија и НАТО, во рамките на НАТО-процесот на одбранбено планирање. Во мај бевме домаќин на големата вежба „Swift Response 22“, која се одржа на полигонот „Криволак“, со учество на 4600 припадници од вооружените сили на осум земји членки на НАТО: САД, Обединетото Кралство, Италија, Франција, Црна Гора, Албанија, Грција и Северна Македонија. На Денот за високи гости беа презентирани воздухопловни десантни операции, проследени со падобрански скокови, хеликоптерски и копнени активности на припадниците на армиите. Командантот на борбениот тим на 16. воздухопловна бригада на Обединетото Кралство, бригадниот генерал Николас Коули, упати благодарност до нашата земја бидејќи се покажа како одличен домаќин. На 17 јуни, два борбени авиони „Ф-35“ на НГ на Вермонт извршија прелет и слетаа на аеродромот во Петровец, како приказ на силното сојузништво и единство во Алијансата. Министерката Петровска учествуваше на состаноците на министрите за одбрана во рамките на Северноатлантскиот совет на Алијансата во Брисел. Во фокусот на дискусијата беа состојбата во Украина, инвестирањето и давањето поддршка за зајакнување на капацитетите на Алијансата и НАТО-концептот за одбрана и одвраќање. Министерката Петровска беше во повеќедневна работна посета на САД, каде оствари бројни срдби и учествуваше на првиот стратешки дијалог помеѓу Република Северна Македонија и САД, како дел од делегацијата на Владата. Во Охрид се одржа 15. конференција на началниците на ГШ на балканските земји, а тема на Конференцијата беше „Употреба на вооружените сили во справувањето со најновите предизвици во национален и регионален контекст“.*

*На 18 Август се одржа централна свеченост по повод Денот на Армијата во касарната „Илинден“. Армијата го прослави својот јубилеен роденден и ги прикажа достигнувањата во текот на триесетгодишниот развој. Министерката Петровска учествуваше на Самитот на НАТО во Мадрид, каде главна тема беше усвојувањето на новиот Стратешки концепт. Во текот на годината, два пати беа промовирани нови потпоручници во Армијата. На армискиот полигон „Криволак“ се одржа вежба која ги вклучуваше новите оклопни возила „JLTV Oshkosh“.*

*Скопје беше домаќин на НАТО Конференцијата за комуникатори, најголема годишна конференција за комуникатори во Алијансата.*

*Ова се само мал дел од многубројните активности и настани кои ја одбележаа минатата 2022 година. Се надеваме дека со уште поголемо темпо ќе продолжиме и во годината што ни претстои...*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, kristina.ilievska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk

ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА
0800 50030

# Интензивна одбранбена соработка

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, на 14 ноември, во рамките на заедничката седница на владите на Република Северна Македонија и на Албанија во Скопје, се сретна со албанскиот министер за одбрана, Нико Пелеши, со кого разговараше за интензивирање на одбранбената соработка, особено имајќи предвид дека токму на заедничката седница беше потпишан нов Меморандум за билатерална соработка, кој ја отсликува новата реалност и фактот дека и двете земји соработуваат како земји сојузнички во НАТО. „Северна Македонија и Албанија ја споделуваат истата визија за Балканот, како регион кој мора да остане безбеден, стабилен и во мир. Најдобар одговор на нарушената безбедност на континентот со руската агресија врз Украина е продлабочувањето на меѓусебната соработка. Обновениот билатерален меморандум го овозможува токму тоа, бидејќи клучот кон успешна одбранбена соработка и целосна интероперабилност на двете сојузнички армии е заедничката обука, заедничките вежби, блиските контакти помеѓу војниците и развивањето пријателства“, рече министерката Петровска и посочи дека и припадниците на двете армии во континуитет имаат одлична соработка, факт кој се гледа и преку големиот број заеднички вежби и обуки, како што беше вежбата „Swift Response“ оваа година и планираното заедничко учество во вежбата „Defender Europe 23“, која треба да се реализира следната година и која е дизајнирана да изгради подготвеност и интероперабилност во Алијансата и помеѓу НАТО и партнерските земји. „Регионалната безбедност е приоритет и за двете земји и ме радува што соработката и заедничкиот придонес кон регионалните безбедносни иницијативи се продлабочува. Нашата одбранбена и сојузничка соработка ја зацврстува безбедноста на Западен Балкан и испраќа уште една порака – местото на Албанија и на Северна Македонија во ЕУ е заслужено, а брзата интеграција е суштинска за заедничката стабилност, безбедност и просперитет“, истакна министерката. Министерот Пелеши изрази задоволство што и двете земји се силно посветени на меѓусебната соработка и што сето она што е планирано се реализира со одлично темпо. Планот за билатерална соработка за 2022 година вклучува седум активности, од кои четири во Северна Македонија и три во Албанија. Фокусот на овие активности е ставен на соработката во областа на разузнавањето, АБХО, воената полиција и развојот на Лесната пешадиска баталјонска група, како и користењето на армискиот полигон „Криволак“ и учеството на обуките во Регионалниот центар за односи со јавноста.



# Посветени на регионалната безбедност

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, на 17 ноември го прими министерот за внатрешни работи и вршител на должноста министер за одбрана на Црна Гора, Филип Аџиќ, со кого разговараше за безбедносната состојба во регионот, како и за интензивирање на билатералната соработка помеѓу Северна Македонија и Црна Гора, како две сојузнички земји во Алијансата. „Северна Македонија и Црна Гора како членки на НАТО имаат одговорност и обврска да ги штитат мирот, безбедноста и стабилноста во регионот. Најдобар одговор на безбедносната нестабилност, предизвикана од руската агресија врз Украина, е уште посилната и посеопфатна одбранбена соработка која придонесува за зголемување на капацитетите на двете армии и за зајакнување на интероперабилноста со сојузниците“, истакна министерката на средбата. Двајцата министри се заложија за продолжување на соработката во доменот на школувањето и обуките. Министерот Аџиќ, пак, се заблагодари за можноста за обука на припадниците на Војската на Црна Гора на армискиот полигон „Криволак“. Министрите се осврнаа и на справувањето со хибридните и сајбер-закани, особено имајќи предвид дека сме сведоци оти цел на напади се и држави од регионот, земји членки на НАТО. Петровска и Аџиќ се согласија дека остануваат посветени на развојот на билатералната одбранбена соработка и дека и двете земји како НАТО – членки, претставуваат столб на безбедноста во регионот. На Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ се школуваат и питомци од Црна Гора, што претставува доказ за нејзиниот квалитет и ја покажува довербата од страна на Црна Гора, дека Воената академија продуцира офицери со воени и лидерски вештини. Во моментов на Академијата се школуваат 15 питомци од Црна Гора. Северна Македонија и Црна Гора во областа на одбраната соработуваат од 2007 година, кога беше потпишан и Меморандумот за соработка. Планот за билатерална соработка за 2022 година предвидува 17 заеднички активности, од кои 11 се во Северна Македонија, а 6 во Црна Гора. Во овој план се опфатени средби на највисоко ниво, билатерални консултации, експертски разговори во одбранбената политика, набавки и модернизација, како и школување на питомци на Воената академија.



# Одбележан Денот на Баталјонот за почести

На 11 ноември во касарната „Илинден“ во Скопје, со воена свеченост беше одбележан Денот на Баталјонот за почести (бП). По тој повод, директорот на ГШ на Армијата, генерал-мајор Зоран Милески, во името на НГШ на Армијата и во свое лично име, го честиташе Денот на единицата. Генералот Милески во своето обраќање пред припадниците на Баталјонот за почести и пред останатите гости се осврна на развојот на оваа единица како носител на традициите на Првата македонско-косовска ударна бригада која е формирана на овој ден во 1943 година.

„Денес слободно можеме да кажеме дека стоиме пред една од најпрепознатливите и најрепрезентативните единици на Армијата. Впечатоците за гардиската прецизност и изведбите на Воениот оркестар ги потврдивте на низа настани изминатата година, од кои по својот обем и значење се издвојуваат: одбележувањето на 30-годишниот јубилеј на Армијата, заедничкиот настап со Кралската гарда на Норвешка, изведба на концерт во соработка со Вооружените сили на Република Албанија, поддршка во организација на Конференција на началници на генералштабови од Б-9 форумот во Охрид, кои беа забележани не само од домашната, туку и од меѓународната јавност“, рече Милески, изразувајќи им признание за успешното извршување на бројните задачи и активности.

Командантот на бП, потполковник Дарко Стојкоски, во својот говор рече дека одбележувањето на Денот на Баталјонот за почести претставува посебен момент во кој се обединуваат историското значење и традицијата со современиот карактер на единицата. „Ова е можност да им оддадеме признание на храбрите подвизи на борците од НОВ, да го истакнеме ентузијазмот и посветеноста на генерациите гардисти од Првата гардиска бригада и да ја изразиме нашата определба за достоинствена служба во духот на гардиските вредности: чест, храброст и посветеност“, потенцираше потполковникот Стојкоски. Тој истакна дека стекнатите признанија секогаш се дополнителна инспирација за остварување на уште повисоки резултати. На свеченоста по повод Денот на Баталјонот за почести им беа доделени стимулативни мерки на повеќе припадници на бП за остварените резултати во работењето.

На свеченоста, покрај директорот на ГШ на Армијата, генерал-мајор Зоран Милески, присуствуваа и команданти од командите и единиците на Армијата, поранешни команданти и припадници на единицата и други гости од МО и ГШ на Армијата.



# Одбележување на 13 Ноември – Денот на Инженерискиот баталјон

По повод Денот на Инженерискиот баталјон (инжб) од составот на Командата за операции (КО), на 10 ноември се одржа воена свеченост во касарната „Илинден“ во Скопје. На свеченоста присуствуваа: началникот на штабот од КО, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, претставници од КО, активни и пензионирани генерали на Армијата, команданти и старешини на единици и поранешни команданти и припадници на Инженерискиот полк и Инженерискиот баталјон. Бригадниот генерал, Мирче Ѓоргоски, во својот говор, најпрво истакна дека му претставува особена чест и задоволство што се обраќа во името на командантот на КО и во свое лично име за да ги поздрави присутните и да им го честита Денот. Во годината кога се одбележуваат јубилејните 30 години од формирање на Армијата, тој потсети дека Инженерискиот баталјон минатата година беше прогласен за најдобар баталјон во рамките на КО. Со должна почит, тој упати благодарност и признание до генерациите војници и старешини-инженерци, кои своите знаења и вештини им ги пренесуваа на помладите во изминативе 30 години, а чии наследници се денес построени во стројот. Командата за операции, како и досега, ќе го поддржува и ќе го следи патот кон успехот на инжб, бидејќи со тоа се подигнува и угледот на Армијата меѓу граѓаните на нашата држава. Командантот на инжб, потполковник Илчо Заковски, истакна дека прославувајќи го Денот на Инженериската единица, чувството на почит и гордост кога им се обраќа на присутните пред стројот е големо, бидејќи големи се и делата од досега постигнатото и сработеното. За тоа говорат трајните дела на инженерците, а заслужни се сите негови припадници кои работат напорно, посветено и професионално.

„Денес, кога се одбележуваат 78 години од формирањето на Инженериската бригада на ГШ на НОВ и партизанските одреди на Македонија, чиј носител на традициите е инжб, извршувањето на мисијата беше и останува иста – да ја браниме и да ја градиме државата и да ја сочуваме нејзината независност и слобода со сите сили и средства“ – додаде потполковникот Заковски.

Свеченоста заврши со читање на честитки по повод Денот на Баталјонот, наредби за унапредување и стимулативни мерки за постигнатите резултати во работата и подигнувањето на борбената готовност. Во рамките на одбележувањето на Денот на Инженерискиот баталјон, припадниците на Баталјонот, во соработка со Црвениот крст и со ГОБ „8 Септември“, на 4 ноември реализираа крводарителска акција.






# „Кон отпорност и заштита на критичната инфраструктура: регионални искуства“

Конференцијата „Кон отпорност и заштита на критичната инфраструктура: регионални искуства“, која се одржа на 20 октомври во Скопје, претставува продолжение и надоврзување на дебатата која се отвори во 2019 година со првата конференција која ја третираше оваа значајна тема

Оваа година конференцијата беше фокусирана на размената на најдобрите практики во однос на изградбата на системот за заштита на критичната инфраструктура, како значаен сегмент од безбедносниот систем на државите од регионот и изработката на Законот за заштита на критичната инфраструктура во Република Северна Македонија. Воедно, на Конференцијата беше промовирана и книгата „Кон отпорност и заштита на критичната инфраструктура: студија на случај на Република Северна Македонија“, од проф. д-р Марина Митревска и проф.д-р Тони Милевски, реномирани професори и автори, кои со своето дело дадоа голем придонес во трасирањето на патот за соодветен развој и изградба на системот за заштита на критичната инфраструктура во нашата држава.
Конференцијата ја отвори директорот на Фондацијата „Фридрих Еберт“, Рене Шле, а воведни обраќања имаа претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски и министерката за одбрана, Славјанка Петровска. Претседателот Стево Пендаровски во своето обраќање истакна дека заштитата на критичната инфраструктура е национална задача од прв ред и дека државите во регионот се наоѓаат во различни фази од процесот на изградба на сеопфатен систем за заштита на критичната инфраструктура, дел од нив имаат донесено закони кои ја врамуваат оваа проблематика, а дел, меѓу кои и Северна Македонија, се наоѓаат во фаза на изработка на својата легислатива. Претседателот Пендаровски се осврна и на војната во Украина, при што рече дека нападите врз нуклеарните централи во Украина, не само што го нарушуваат пазарот на електрична енергија, туку се реална опасност за предизвикување нуклеарни инциденти со несогледливи последици по животот на целиот континент. Диверзиите врз гасоводната инфраструктура дополнително ја влошуваат енергетската криза. Претседателот потсети и на хакерските напади врз клучните компјутерски системи на повеќе држави во регионот и дека таквиот вид војување доведува до парцијална или до целосна парализа на транспортот, банкарскиот систем, здравствениот систем, како и до



попречување на работата на други владини агенции кои се критични за редовното функционирање на државата. Претседателот Пендаровски изрази задоволство, што во рамките на Министерството за одбрана веќе активно се работи на првиот Закон за критична инфраструктура.
Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во своето обраќање истакна дека во услови на променета европска безбедносна архитектура, потребата да се изгради сеопфатен систем за заштита на критична инфраструктура е поголема од кога било. Министерката Петровска посочи дека прашањето на критичната инфраструктура е дел од еден покрупен мозаик кој претставува предизвик во изградбата на висок степен на отпорност на нашето општество и дека е неопходно да се подигне свесноста и нивото на подготвеност за заштита на критичната инфраструктура во рамки на стратешкото управување со државата и нејзините институции, вклучително и изградба на интегрирана легислативна рамка за заштита на критичната инфраструктура. „Треба да изградиме вмрежен систем и заштита на критичната инфраструктура, кој не може да биде едносекторски и парцијален доколку, се разбира, очекуваме рано предупредување и превенција. Токму затоа ни е потребен системски пристап кон уредувањето на заштитата на критичната инфраструктура. Ние, како Министерство за одбрана, веќе извесен период го водиме овој процес и во рамките на проектот 'МКД НАТО 2030' се формираше и Комитет, чијашто цел е токму тоа", посочи министерката Петровска. Петровска, исто така, нагласи дека заштитата на критичната инфраструктура, покрај тоа што е значајна за заштита на државните интереси и за граѓаните, е потребна и за заштита на безбедноста и на регионот, но и на сите земји членки на НАТО и на ЕУ. Министерката се осврна и на нормативното додефинирање во оваа област, при што потенцираше дека е неопходно да се донесе Закон за заштита на критична инфраструктура, како прв чекор во изградбата на општество кое е отпорно и чии витални функции се обезбедени, без нарушување на либералните вредности и човековите права и слободи.
Професорката Марина Митревска во својата презентација се осврна на регионалните искуства во донесувањето на Законот за заштита на критичната инфраструктура, како поттик да се напише книгата и да се даде придонес кон соодветно регулирање на оваа област и во нашата земја, при што нагласи дека треба да ги земеме предвид и слабостите и доблестите од законите на државите во соседството, за да се создаде оптималниот модел на Законот за наши потреби. Исто така, таа нагласи дека при креирањето на Законот треба да се водиме од три димензии, и тоа НАТО-димензија, ЕУ-димензија и националната димензија. Професорот Тони Милевски се надоврза на елаборацијата и појасни дека во книгата е дадена и една сеопфатна анализа на актуелните геополитички случувања на меѓународната сцена и појавата на новите видови безбедносни закани.
Во однос на квалитетот и значењето на книгата беа презентирани делови од рецензиите на професорите Нано Ружин и Никола Дујовски. На следниот панел од Конференцијата беа пренесени регионалните искуства во однос на заштитата на критичната инфраструктура и моделите на законско врамување на оваа област, а свои излагања имаа експерти од неколку земји од регионот. Искуствата ги споделија проф. Дражен Божовиќ од Црна Гора, професорот Ставри Дима од Албанија, м-р Ивана Цесарец од Министерството за внатрешни работи на Хрватска, д-р Камен Илиев од Центарот за национална безбедност на Бугарија, Беса Кабаши Рамај, експерт по безбедносни прашања од Косово, професорот Мирза Смајиќ од Факултетот за политички науки од Босна и Херцеговина и професорката Светлана Станаревиќ од Факултетот за безбедност од Белград, Србија. Вториот дел од експертската дебата на конференцијата „Кон отпорност и заштита на критичната инфраструктура: регионални искуства" беше посветен на потребата од законско врамување на заштита на критичната инфраструктура во Република Северна Македонија. Во дебатата беа вклучени проф.д-р Боро Јакимовски, декан на Факултетот за компјутерски науки и инженерство, професорите Митко Котовчевски и Лидија Георгиева од Институтот за безбедност, одбрана и мир, проф. д-р Митко Богдановски, декан на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" и м-р Сашко Кузмановски од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија. Секој од дискутантите, од свој агол на научна експертиза, придонесе да се развие плодна дебата од која ќе произлезат конкретни насоки за допрецизирање и соодветно третирање на областа на заштита на критичната инфраструктура и изработка на Законот за заштита на критичната инфрастура во нашата држава.

д-р Жанет Ристоска





По завршувањето на Студената војна, НАТО особена важност му посвети на развојот и унапредувањето на конструктивните односи со Русија. Соработката помеѓу НАТО и Русија започна во декември 1991 година кога Северноатлантскиот совет му даде задача на Високиот комитет за планирање вонредни состојби од невоен карактер, да помогне при координација и олеснување на транспортот на хуманитарна помош наменета за Советскиот Сојуз.

# Релациите на НАТО со Русија

Релациите и делувањето кон Русија се насочени кон тоа НАТО да има двоен пристап: силен одговор на одвраќање и одбрана во комбинација со дијалог. Практичната соработка е прекината од 2014 година како одговор на руската анексија на Крим, Украина. Политичките и воените канали за комуникација остануваат по можност отворени.

**Позитивен развој на односите**

Историски, односите НАТО – Русија започнаа после завршувањето на Студената војна и распаѓањето на Советскиот Сојуз, кога Русија се приклучи на Северноатлантскиот совет за соработка (во 1991 година) и на Евроатлантскиот партнерски совет (во 1997 година). Договорот за намалување на стратегиското вооружување „START I“, кој беше потпишан во јули 1991 година (стапи во сила од 1994 година), го намали распоредувањето на стратегиското вооружување од двете страни. Практичната соработка започна откако Русија се приклучи кон програмата „Партнерство за мир“ (во 1994 година). Како почетен чекор за соработка беше испратен офицер за врска на НАТО во рамките на Амбасадата на НАТО во Москва во текот на 1995 година. Русија распореди свои мировници во состав на НАТО предводените мировни операции за поддршка на Западен Балкан. Основачкиот акт НАТО – Русија од 1997 година ја обезбеди формалната основа за билатералните односи, вклучително и преку воспоставувањето на Постојаниот заеднички совет (Permanent Joint Council), како форум за консултации и соработка. Русија формираше Дипломатска мисија во НАТО во 1998 година. НАТО отвори Информативна канцеларија во Москва (Information Office in Moscow) во 2001 година, како фокусна точка за ширење информации во Русија за НАТО, како и Воена мисија за врски (Military Liaison Mission) во 2002 година за олеснување на комуникациите помеѓу Воениот комитет на НАТО во Брисел и Министерството за одбрана на Руската Федерација. Русија ги „замрзна“ односите со НАТО поради разликите околу косовската криза во 1999 година, но ги продолжи активностите и состаноците во рамките на Постојаниот заеднички совет по завршувањето на воздушната кампања на НАТО во Косово, вклучително и со учество во силите КФОР (меѓународни мировни сили предводени од НАТО во Косово). Пред тоа, учеството на руските трупи, заедно со контингенти на земјите од НАТО и ПзМ во рамките на Силите за имплементација (ИФОР), а потоа и во рамките на Силите за стабилизација (СФОР), ги отслика заедничките цели и заедничката политичка одговорност за имплементација на мировниот договор.

Дијалогот и соработката беа зајакнати во 2002 година, кога Постојаниот заеднички совет беше заменет со Советот НАТО – Русија (NATO – Russia Council), за да служи како форум за консултации за актуелните безбедносни прашања и за насочување на практична соработка во повеќе области.

**Негативен развој на односите**

Воената акција на Русија во Грузија во текот на 2008 година доведе до суспензија на формалните состаноци на Советот НАТО – Русија, како и отповикување на соработката во некои области, сѐ до пролетта 2009 година. Сојузниците продолжија да ја повикуваат Русија да го поништи признавањето на грузиските региони Абхазија и Јужна Осетија како независни држави. Целата практична цивилна и воена соработка во рамките на Советот НАТО – Русија е суспендирана од април 2014 година, како одговор на руската воена интервенција во Украина, која сојузниците ја осудуваат најостро. Во текот на 2018 година, максималниот број на персонал во руската мисија во седиштето на НАТО е намалена од 30 на 20 лица. Од 2021 година, НАТО дополнително го намали овој број со повлекување на акредитацијата на осум членови на руската мисија во




НАТО, а одлучи да го намали и бројот на акредитирани руски дипломати. Русија одлучи да ја прекине работата на својата дипломатска мисија во НАТО, а дополнително побара НАТО да ја затвори Канцеларијата за информации во Москва и ја суспендира работата на Воената мисија за врски во Москва. Сепак, политиката на НАТО кон Русија останува конзистентна – зајакнување на одвраќањето и одбраната додека остануваат отворени за дијалог. При крајот на 2021 година, руските власти предложија правен обврзувачки договор за НАТО и САД, барајќи од НАТО да ја прекрои европската безбедносна архитектура и со тоа да не се проширува понатаму на Исток, како предлог-забрана до НАТО да распоредува воени сили или оружје во земјите членки кои се приклучија по 1997 година.Сојузниците постојано ја повикуваа Русија да се врати на целосно почитување на Договорот за отворено небо, а во јуни 2021 година, изразија длабоко жалење во врска со одлуката на Русија да се повлече од договорот наместо да се врати на целосното почитување. Повлекувањето на Русија од Договорот стапи во сила на 18 декември 2021 година.

### Совет НАТО – Русија

НАТО-сојузниците и Русија работеа заедно како рамноправни партнери во Советот НАТО – Русија (NATO – Russia Council), основан во 2002 година во текот на Самитот на НАТО во Рим. Клучните области на соработка вклучуваа: борба против тероризмот, реформи во одбраната, борба против наркотични средства, управување со кризи и друго. Советот НАТО – Русија, како важен форум за дијалог, последен пат се состана на 12 јануари 2022 година. Сојузниците и претставниците на Русија разговараа за военото засилување на Русија во и околу Украина, како и за предлогот на Русија за безбедносен договор што е против политиката за отворени врати на НАТО. Во таа прилика, генералниот секретар на НАТО ја покани Русија на серија состаноци, со цел да се разговара за меѓусебните безбедносни теми како: контрола на вооружувањето, разоружување и зголемување на транспарентноста на воените вежби. Како одговор на руското воено засилување во и околу Украина, кое достигна ниво од повеќе од 100.000 борбено подготвени војници, со дополнителни 30.000 војници стационирани во Белорусија, сојузниците на НАТО го зголемија своето присуство во централниот, во источниот и во југоисточниот дел на Алијансата, со подготвеноста на силите за одговор на НАТО.

Драган Павловски







# Безбедносните предизвици за Авганистан под талибанска власт

Талибанците, нивната влада ја нарекуваат Исламски емират на Авганистан, име на првиот режим што го воспоставија во 1990-тите години, кој го користеа во текот на дводеценискиот бунт. Емиратот има врховен водач, емир, за кој се верува дека Бог му дал овластување да ги надгледува сите работи на државата и општеството

На 15 август 2021 година, веднаш по преземањето на власта од страна на Талибанците во Авганистан, започна насилството врз цивилите. Неидентификувани вооружени групи, Исламската држава (ИД) и талибанската влада ги напаѓаат цивилите, а причините беа етничката припадност, религијата и нивната професија. Голем број лица се приведени и лишени од контакт и комуникација со семејството. Талибанците, исто така, ги напаѓаат и племенските и малцинските заедници за кои сметаат дека ја поддржуваат претходната влада, насилно одземајќи им ја земјата. Хазарите, Узбеците и Таџиците претставуваа цел за напад поради нивното учество во антиталибанските сојузи во 1990-тите години. Голем процент од насилството насочено кон цивили е извршено и од неидентификувани вооружени групи. Насилството извршено од такви групи вклучува физички напади, киднапирања и убиства. Откако Талибанците ја преземедоа власта, со оглед на нивната традиционалната позиција за правата на жените и девојките, реално постоеја стравувања дека политичкото насилство насочено кон жените и девојките ќе се зголеми. Строгото толкување на исламскиот закон практикувано од Талибанците го зголеми ризикот од политичко насилство насочено кон жените и девојките. По преземањето на власта од страна на Талибанците се евидентирани преку 80 демонстрации против талибанската влада за поддршка на правата на жените, вклучително и правото на девојчињата да одат на училиште и да се школуваат. Многу жени-активистки беа цел на напади, конкретно поради нивното учество во овие демонстрации. На пример, на 18 јануари 2022 година, жена-активистка на граѓанското општество, што во претходниот период со група на жени протестирала против талибанската влада, била убиена од непознати вооружени лица во близина на нејзиниот дом. Неколку дена по овој настан, талибанските разузнавачки сили упаднале во домовите на неколку активистки за правата на жените во Кабул, откако тие учествувале во демонстрации за поддршка на правата на жените и против принудата да носат хиџаб. Додека биле во притвор, жените биле малтретирани, а дел од нив и сериозно претепани. И покрај напорите на Талибанците да ги задушат демонстрациите за правата на жените, овие движења ги адаптираа своите активности на оваа репресивна средина. За да избегнат да бидат цел на Талибанците, жените организираа демонстрации во затворен простор, како што се нивните домови. Тука држат говори и објавуваат протестни слогани и сето тоа го објавуваат и споделуваат со медиумите.

Откако Талибанците ја воспоставија власта во Авганистан, се појавија нови актери кои го оспоруваат талибанското владеење. Клучната вооружена група што се појави е Националниот фронт на отпорот во Авганистан, познат и како Втор отпор. Тоа е воен сојуз

на поранешни членки на Северната алијанса и други антиталибански борци, лојални на Исламската Република Авганистан. Мобилизирајќи се против Талибанците, Националниот фронт на отпорот во Авганистан е активен во северните провинции на земјата, вклучувајќи ги Панџир, Каписа, Баглан и Парван. Покрај Националниот фронт на отпорот во Авганистан, се појавија и нови антиталибански вооружени групи, со ограничен оперативен капацитет. Некои групи јавно го објавија своето формирање и име. Овие групи извршија напади врз Талибанците, нанесувајќи и жртви. На пример, групата наречена „Туркестански тигри на слободата", на 7 февруари 2022 година изврши напад врз Талибанците во градот Шеберган. Исто така, во февруари 2022 година, групата наречена „Фронт за слободата во Авганистан" го објави своето формирање и оттогаш изврши неколку напади врз талибанските сили во северните провинции Тахар, Каписа и Парван. Во источен Авганистан се појави Движењето за ослободување на Авганистан.



За разлика од Националниот фронт на отпорот, Движењето за ослободување на Авганистан е група предводена од мнозинство Паштуни, која се бори против Талибанците. Ова е интересно бидејќи претходно отпорот против Талибанците во голема мера го водеа други групи. Останува да се види колку овие групи ќе бидат активни во иднина. Судири помеѓу терористичката организација Исламска држава и Талибанците се забележани веднаш по преземање на власта. На почетокот на 2022 година, ИД дистрибуираше летоци, предупредувајќи ги луѓето да не ги поддржуваат Талибанците со ветување дека ќе ја преземат контролата врз областа Кандахар. Меѓусебните напади резултираа со жртви на двете страни. Освен надворешниот вооружен отпор, постојат и значајни внатрешни предизвици со кои се соочува талибанската влада. Откако ја презедоа власта, евидентирано е значително зголемување на меѓусебни судири помеѓу талибанските сили. На почетокот на јануари 2022 година, одредени локални талибански команданти, со нивните војници и воена опрема се приклучиле на Националниот фронт на отпорот. Талибанците, нивната влада ја нарекуваат Исламски емират на Авганистан, име на првиот режим што го воспоставија во 1990-тите години, кој го користеа во текот на дводецениският бунт. Емиратот има врховен водач, емир, за кој се верува дека Бог му дал овластување да ги надгледува сите работи на државата и општеството. Сепак, од нивното преземање на власта, според Талибанците, власта се спроведува во согласност со исламскиот закон и авганистанските вредности, без да ги наведат правните или политичките принципи кои ги водат нивните правила и однесувања. По нивното преземање на Авганистан, тие објавија „привремени" именувани раководители за сите министерства во структурата на претходната влада. Министерството за женски прашања остана непополнето, а подоцна беше и укинато. Сите вршители на должност, министри, беа мажи, високи лидери во организациската структура на Талибанците. Постапно Талибанците направија серија промени во внатрешната структура на министерствата. Тие го рестартираа Министерството за пропагирање и спречување на пороци, кое во нивниот мандат во 1990-тите години беше озлогласено поради спроведување на диктатура на одредено социјално однесување (родовата интеграција, танцувањето, музиката, телевизијата и радиото беа забранети). Талибанците се далеку од подготовка и формализирање на Уставот, а во моментов Авганистан нема никаква основа за владеење на правото, талибанските безбедносни сили одредуваат што е криминал, а што не, и на лице-место пресудуваат. Единствен голем потфат со кој Талибанците се обидоа да се справат е оданочувањето и наплатата на приходите кои што станаа рационализирани и централизирани. Талибанците покажаа дека го разбираат опсегот на економски колапс но, исто така, открија колку малку можат да направат за да го променат правецот на развој на економијата и да обезбедат авганистанскиот народ да не зависи од значителна странска помош. Преку неколку формирани комисии се проучува политиката и процесите за помирување и враќање во Авганистан на одредени политички личности. Сепак, одредени политики во голема мера сè уште варираат од една до друга провинција на земјата. Талибанските власти, исто како и во текот на нивниот бунт, донекаде се покажаа и флексибилни во зависност од очекувањата на локалната заедница. Покрај тоа, многу прашања





сè уште се решаваат преку лични врски со влијателни талибански лидери, без разлика дали нивната официјална позиција во владата е одговорна за ова прашање. Врвен приоритет на Талибанците им е напорот своите борци и вооружени сили да ги инкорпорират во редот на државните безбедносни сили – потфат за кој се чини дека ќе бидат потребни многу години. Во пооддалечените делови на земјата, талибанските борци дејствуваат исто како и пред преземањето на власта, а на повеќето сè уште им недостасува формална обука. Во одредени градови талибанските борци се дел од полицијата или, пак, се контрола на канцелариите на државната служба за безбедност. На вооружениот отпор против талибанската влада, со употреба на огромна сила и брутални методи, кои барем на краток рок истовремено се покажаа и како ефикасни за остварување на нивната цел, Талибанците ја консолидираа контролата над огромното мнозинство на земјата. ИД се обиде да се позиционира како најлегитимна џихадистичка група во земјата, рушејќи го авторитетот на Талибанците преку серија убиства на нивните борци, како и повремени терористички напади врз цивилите. Речиси сите напади се насочени кон етнички и религиозни малцинствата. Намерата на Талибанците е конзистентна: да воспостават неоспорен и несомнен авторитет над државата и општеството на Авганистан.

Во првите шест месеци од нивното владеење, се чинеше дека кабинетот на премиерот ќе ги дефинира политиките на управување. Меѓутоа, емирот Хаибатула Ахунџада сè повеќе одлучува и за големи и мали прашања. Како пример ќе го наведеме укинувањето на одлуката за враќање на девојчињата во средно училиште, одлука којашто во последен момент беше поништена од емирот.

Негодувањето против оваа одлука беше гласно – во земјата и на меѓународно ниво   одлуката го уназади тешко стекнатиот напредок во образовниот пристап во последните две децении. Иако е јасно дека Авганистанците го ценат образованието, школувањето историски претставува извор на конфликти. Авганистан е потписник на Декларацијата за безбедни училишта и на Конвенцијата за правата на детето. Сепак, ниту една од овие две иницијативи во практика не функционираат. Односот помеѓу образованието и конфликтот во Авганистан во последните две децении е во фокусот на многу аналитичари и практичари на меѓународниот развој на образованието. Ставот е дека доколку обрзованието не се препознава како екосистем, ќе продолжи да биде причина за конфликти, наместо извор на единство, особено за кревките држави, како Авганистан. На 15 август 2021 година, Талибанците ја презедоа контролата врз земјата. Преземањето резултираше со привремено затворање на сите училишта до средината на септември, кога Талибанците најавија повторно отворање на основните училишта за машки и девојчиња, но дека средните училишта за девојчиња ќе останат затворени на неопределено време. Средните училишта за девојчиња останаа затворени во следните шест месеци. Пред почеток на новата академска година се појави еден зрак на надеж кога Талибанците најавија повторно отворање на средните училишта за девојки. Илјадници девојчиња, желни за образование, се појавија во своите униформи на првиот училишен ден на 23 март 2022 година, но нивната радост беше краткотрајна. По неколку часа, вратите на училиштето беа затворени, а девојчињата кои пристигнаа на училиште со насмевки, дома се вратија  со солзи во очите. Сè уште нема јаснен сигнал за отворање на овие училишта за девојки. Ненадејниот и хаотичен пресврт во затворањето на училиштата за девојки од страна на врховниот водач на Талибанците, Ахунџада, ги изненади талибанските владини претставници. Раководството на Талибанците, решавањето на прашањето за образованието на девојчињата го смета како зајакнување на политичката потпора од страна на меѓународната заедница. Но, според врховниот водач на Талибанците, отворањето на средни училишта за девојки ќе го наруши тврдокорниот бренд на Талибанците и ќе резултира со губење на поддршката од базата.

Авганистан има долга историја на социјални немири и етнички конфликти, а манипулацијата со образовниот систем од внатрешни и надворешни сили за политички цели е еден од главните придонесувачи за овие поделби. Додека Авганистан се обидува да изгради мир и да одржи коегзистенција по повеќе децении насилство, продолжува да се посветува ограничено внимание на еден од главните придонесувачи за социјалните поделби. Повеќе од четири милиони деца се вратија на училиште во првите две години по падот на Талибанците во 2001 година. Стотици милиони долари беа инвестирани од Обединетите нации и други меѓународни донатори за обезбедување образование за децата. Новата наставна програма за Авганистан, заедно со надградените капацитети на наставниците, претставуваа најрелевантен фактор за да се обезбеди воспоставување и одржување на мирот во земјата. Ова претставуваше осигурување дека новата генерација Авганистанци ќе се изгради како општествено одговорна и ќе претставува национална гордост, преку која ќе се инкорпорираат идеите за единство во различностите, а не на нетолеранција на перципираната „разлика“ заснована на милитантните идеологии.

По повлекувањето на силите на НАТО во 2021 година, иднината на Авганистан е понеизвесна од кога било. Денес Талибанците се соочуваат со сериозни предизвици во управувањето со државата, кои се движат од колабрирана економија до зголемени закани за внатрешна безбедност, дополнително обидувајќи се да наметнат строги религиозни и општествени правила на однесување за авганистанскиот народ. Секако, не смее да се губи надеж дека земјата сепак би можела да стане побезбедна и за Авганистанците и за остатокот од светот. Талибанците имаат обврска да создадат поволни услови за поддршка на мирот, безбедноста, човековите права и економско закрепнување, а меѓународната заедница е подготвена да поддржи влада која ќе биде претставник на целиот народ и притоа да ги почитува тие права.

д-р Ненад Танески



# Пилот-курс за справување со дезинформации и градење отпорност

Курсот за справување со дезинформации и градење отпорност претставува прва активност на РЦОЈ спроведена во согласност со Концептот за развој на систем за справување со дезинформации, во рамките на превентивната функција, чиј носител е РЦОЈ. Предвидено е овој курс да биде составен дел на понудата на Центарот од следната година, а истиот, со соодветни промени, во согласност со клучната публика, да ѝ биде понуден и на НАТО-алијансата. Целната група на Курсот беа лицата за односи со јавноста, односно комуникаторите од: Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на претседателот, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за заштита на личните податоци, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.

Во согласност со Програмата за работа на Владата 2020 – 2024, како и Концептот за воспоставување систем за детекција и справување со дезинформации во Министерството за одбрана, во Регионалниот центар за односи со јавноста (РЦОЈ), во периодот од 8 до 10 ноември 2022 година се одржа пилот-курс за справување со информации и градење отпорност

На отворањето на Курсот, раководителот на Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка во Министерството за одбрана, полковникот Иван Атанасоски, порача дека лажните вести ја поткопуваат довербата во системот и отвораат фронт за секојдневна битка за вистината и дека единствениот начин за борба со оваа појава е воспоставување на систем на нивно препознавање и пресретнување, а токму РЦОЈ, со организирање вакви курсеви, придонесува за воспоставување на зголемена отпорност на институциите кон лажните вести и дезинформациите. Курсот опфати повеќе важни и актуелни теми, меѓу кои и стратешките комуникации и природата на дезинформациите, а на учесниците им овозможи да се информираат и за комплексниот медиумски пејсаж и за влијанието на социјалните мрежи. За време на трите работни дена, колку што траеше овој курс, стана збор и за институционалната транспарентност, каде Министерството за одбрана веќе две години по ред го држи приматот на најтранспарентно министерство. Дополнително, учесниците беа запознаени и со значењето и важноста на новинарството и новинарската етика, со важноста и развојот на медиумската писменост и со безбедноста во дигиталната сфера. Исто така, беа реализирани и практични вежби кои имаа цел да ги запознаат учесниците со онлајн-алатките кои се користат за детектирање на дезинформации. Курсот вклучуваше и онлајн-предавања за искуствата и предизвиците во областа на справувањето со дезинформациите на Владата на Естонија. Предавачи на Курсот беа претставници на владини институции (Владата на Република Северна Македонија, Министерството за одбрана, Кабинетот на претседател), експерти од областа од невладиниот сектор (Центар за граѓански комуникации, ИРЕКС, „Метаморфозис“), експерти од областа од Северна Македонија, како и странски експерти (Владата на Естонија и Атлантскиот совет, поддржани од Центарот за европска перспектива – СЕР и Националниот фонд за демократија – NED).

Сашо Гелевски

**Во годинава кога одбележуваме 30-годишен јубилеј од формирањето на македонската одбрана и Армија, достојно е да се потсетиме на почетоците, на никулците на македонскиот одбранбен систем. Всушност, осамостојувањето на Република Македонија (РМ) во 1991 г. не ќе беше целосно завршено, доколку македонското државно раководство не направи одлучни чекори во насока на градење одбранбен систем за заштита на суверенитетот и интегритетот на територијата и населението со сопствени вооружени сили. Оттаму, изградбата на системот на национална одбрана на РМ и формирањето на македонски вооружени сили во ликот на Армијата на Република Македонија (АРМ) во 1992 г., како еден од најважните атрибути на државноста, претставуваше заокружување на процесот на осамостојување на државата. Изминатите три децении од формирањето на АРМ, од историски аспект, во светлото на триесетгодишниот јубилеј од нејзиното формирање и градењето на независен македонски одбранбен систем, заслужуваат особено внимание.**
**Првичните напори на РМ беа самостојно да го гради сопствениот систем за одбрана и одбранбена стратегија, а АРМ да се доградува, да се опремува и да се обучува, за да може да одговори на сите видови закани и загрозувања на безбедноста и територијалниот интегритет на државата. Во овој и во наредните изданија на магазинот „Штит“, ќе се потсетиме на сложеноста, на динамичноста и на специфичноста на условите во кои се поставуваа темелите на македонската одбрана и Армија, на нејзиниот развој и на изградбата на одбранбено-безбедносниот систем на РМ, на нејзината улога во конфликтот во 2001 г., како и на нејзиниот огромен придонес во напорите на РМ во процесот за евроатлантските интеграции.**



# Од идеја до изградба н
# Воена помош за македонск

Во изградбата на сопствените вооружени сили во првите години од осамостојувањето, државата се потпираше на сопствените материјални и финансиски ресурси и на човечкиот потенцијал со кој располагаше. На тој пат МО и АРМ имаа голема поддршка од пријателските партнерски држави на НАТО. Воената помош, што Р. С. Македонија и АРМ ги добиваа изминативе речиси три децении, може да се сублимира на директни донации на воена техника за опремување на АРМ и помош во едукација на воениот персонал. И двата видови помош во изградбата на Армијата беа со подеднакво големо значење.

## Асистенција во воена опрема

Во делот на опремувањето, АРМ, во првите години по осамостојувањето располагаше само со воените материјално-технички средства и оружје наследени од македонската ТО. Тие средства и ресурси беа доволни за почеток на изградба на сопствени вооружени сили, но низ годините истите застаруваа, а особено проблематично беше нивното тековно одржување. За какво било посериозно опремување со современи системи и оружје државата немаше економска моќ да ги набави, туку беше принудена да побара помош од партнерите во рамките на НАТО. Низ прегледите на донации на воена опрема може да се заклучи дека АРМ имаше поддршка од голем број држави, а особено се истакнуваа САД и Турција, но и Германија, Бугарија, Холандија, Велика Британија, Кина и други земји. Турција беше прва држава којашто помогна во опремувањето на АРМ. Донациите започнаа во 1996 г. и истите, преку посебна програма за донација на МО и АРМ од одбранбениот буџет на турското МО, се дефинираа во билатерални преговори меѓу двете министерства на годишно ниво. Покарактеристични материјално-технички средства кои Турција ѝ ги донираше на АРМ се голем број на лесни теренски возила „ландровер“, товарни моторни возила од различна носивост, лесни оклопни возила „кобра“, специјални моторни возила, како подвижни работилници, пералници, пекарници и возила за врски, разни видови алати, муниција за пешадиско вооружување, единечни средства за врски, алпинистичка опрема за специјални единици, медицинска апаратура, електроагрегати, интендантска опрема и друго. Во 1998 г. САД започнаа со значителна донација за опремување на АРМ со теренски возило „хамви“, резервни делови и муниција за артилериски орудија. Следната, 1999 г., донацијата се состоеше од товарни возила, пушкомитралези и муниција, интендантска опрема и индивидуална борбена опрема. Позначајна количина опрема од САД пристигна во 2002



# на систем на национална одбрана (10)
# ата армија од државите партнери на НАТО

г., донација која се состоеше од санитетски и товарни моторни возила, резервни делови за возила кои веќе беа на употреба во АРМ, индивидуална борбена опрема за војници, уреди за глобално позиционирање, батерии за радиоуреди и друго. Карактеристично за донацијата од 2004 г. беше опремување на лаборатории за изучување на англискиот јазик со потребна литература, нагледни средства и тестови. Во 2005 година, а особено во 2006 г., САД на АРМ ѝ донираа големи количини на резервни делови за тековно одржување на возниот парк со потекло од САД, индивидуална опрема за војници, чувствителна опрема за набљудување ноќе, како и поголема количина на радиоуреди од типот „харис“ и извори за нивно напојување. Забележително за донацијата од 2007 г. беше опремувањето на Полкот за специјални операции со десантни падобрани од типот „MC1C“ со потребната дополнителна опрема. Донациите на САД за АРМ беа дополнително иницирани и аргументирани со учеството на единици на АРМ, заедно со армијата на САД во мировните операции во Ирак и во Авганистан. За истакнување е донацијата од 2009 г. на пушки-карабини „М-4“ во калибар 5,56 мм за потребите на Полкот за специјални операции. Темпото на донации од САД во годините што следеа не губеа на интензитет и на вредност во финансиска смисла.

Акцентот беше ставен на дополнителни количини на вооружување и потребна опрема, индивидуална опрема на војници, медицинска опрема, средства за комуникации, ноќни визири и друго. Во 2013 г. АРМ од САД доби беспилотни летала кои за прв пат како способност и капацитет станаа составен дел на пешадиските единици. Како и во случајот со донациите од Турција, и донациите од САД се карактеризира со голем број на ставки и рановидни средства, но со констатација дека истите задоволуваа и во квантитет. Помош се добиваше и од Германија. Донациите започнаа во 1997 г. и се реализираа во пет години, но истите беа квалитативно и квантитативно многу значајни за опремување на АРМ во еден критичен период од нејзиниот развој. Меѓу донираната воена опрема преовладуваше муниција за пешадиско вооружување и резервни делови за оклопните транспортери „БТР-70“. Во 2000 г. се реализираше најзначајната донација од Германија за АРМ со која опременоста и мобилноста на АРМ во значителна мерка се зајакна. Германија донираше лесни теренски возила „илтис“, санитетски возила „мерцедес“, оклопни транспортери „БТР-70“, оклопни транспортери „хермелин“, резервни делови за сите типови возила и уреди за ноќно набљудување. Во 2001 г. Германија донираше товарни возила „мерцедес“ со носивост од 5 тони и уреди за набљудување. Во 2002 г. донацијата се состоеше од уреди за комуникации, дополнителна количина од лесни теренски возила „илтис“ и одредени резервни делови.

Во 1999 г. Р. Македонија доби многу значајна донација од Р. Бугарија во вид на тенкови „Т-55“ и хаубици  105 и 122 мм, тенковска и артилериска мунција и муниција за пешадиско вооружување, работилници за одржување на тенкови и артилериски орудија. Донацијата беше надополнета во 2000 г. со дополнителни количини на муниција за тенкови, артилериски орудија и пешадиска муниција. Овие две донации ги зајакнаа способностите на АРМ. Од останатите држави кои донираа позначајна опрема за АРМ е и Холандија, која во 1998 г. донираше товарни возила „ДАФ“, во 2002 г. санитетски возила „мерцедес“ и одредени донации во 2008 и во 2015 година. Грција, во 1999 г. на АРМ ѝ донираше оклопни транспортери „леонидас“ со потребно вооружување и муниција, лесни теренски возила „мерцедес“ и лесни хеликоптери „UH1 Huey“. Донациите се повторија во 2001 и 2002 г. а се состоеја од муниција и резервни делови за оклопните транспортери.  АРМ добиваше донации во воена опрема и од Обединетото Кралство и од Франција во периодот од 1999 до 2002 г., од Швајцарија во: 1999, 2000, 2002 и 2012 г., од Италија во: 1998, 1999, 2002, 2003 и 2012 г., од Русија во 2001, од Кина во: 2007, 2011, 2012 и 2014 г., од Норвешка во 2011



и во 2013 г., од Канада во 1998 г. и од Шведска во 2007 година.

**Асистенција во едукација на воениот персонал**

Друг вид на помош, која имаше особено големо значење во изградбата на АРМ претставува помошта во едукација на персоналот според НАТО стандардите. Р. Турција беше прва НАТО земја која уште во 1994 г. за потребите на персоналот на АРМ започна да нуди можности за воено образование. Низ годините до денес, Р. Турција, заедно со САД, се двете држави каде што се школувале и воено се едуцирале најголем број на македонски офицери и подофицери. Кога зборуваме за западноевропските држави членки на НАТО кои понудија помош за едукацијата на помладите кадри на АРМ, тука треба да ја истакнеме Германија, која веќе во 1995 г. ја прими првата група од тројца македонски офицери на јазична обука и на курсеви за команданти на баталјони, во зависност од родот, односно службата на кандидатот. Некаде приближно во исто време, таков вид на помош понуди и Турција. Турција ја следеа САД, кои во 1996 г. преку ИМЕТ-програмата, на АРМ ѝ ги понудија првите места за постдипломско воено образование. Наредните години, САД, за потребите на АРМ редовно обезбедуваа по неколку позиции (слотови) за школување на офицери и подофицери. Во учебната 2002/2003 г. САД започна со воена едукација на ПОФ на АРМ преку упатување на еден подофицер на Подофицерската академија. Велика Британија ги понуди своите образовни институции за воена едукација на македонските офицери во 1999 г. со школување на еден офицер на постдипломски студии. Германија својата помош во воена едукација ја прошири на помасовно изучување на германскиот јазик, најпрво во Сојузниот центар за странски јазици во Хирт, а потоа и преку финансирање на професори по германски јазик во Р.Македонија, а за прв пат понуди место и за постдипломски студии на Командно-штабната академија во Хамбург во 1999 година. Помошта се одржува сѐ до денес. Франција се придружи на здружениот напор преку школување на македонските офицери. По првиот македонски офицер – франкофон школуван на Командно-штабната академија во Компиењ, оваа понуда за АРМ продложи и во подоцнежните години.

Од земјите од нашето поблиско опкружување, Р. Хрватска обезбеди и сѐ уште нуди места за школување на македонските офицери и подофицери, секоја година, почнувајќи од учебната 2004/2005 г.. Од соседните држави, АРМ имаше симболична, но сепак важна поддршка во образованието на свои кадри и од Србија и Грција. Од друга страна, Бугарија, почнувајќи од 2002 г. континуирано овозможуваше школување на нашите офицери на две најважни нивоа на воено образование, Командно-штабната академија и Генералштабен курс во Военообразовниот центар „Раковски“ во Софија. Тука треба да го истакнеме и НАТО одбранбениот колеџ во Рим, Италија, кој меѓу првите институции и организации нудеше можност за највисоко воено образование, почнувајќи од 1996 г.. На Балтичкиот одбранбен колеџ, формиран од страна на трите балтички држави, Естонија, Латвија и Литванија, почнувајќи од 2004 г., се школувани значаен број на македонски офицери во ранг на постдипломски студии, Командно-штабна академија. Р. Италија ги понуди своите капацитети за школување на македонски воен персонал за прв пат во 2004 година. Оттогаш, периоднично, Италија нудеше места за школување, како на Командно-штабната акдемија така и на Школото за национална одбрана за идните потенцијални генерали на АРМ. Освен огромниот број најразлични курсеви, обуки, семинари и други форми на воено образование, кои нашите партнери и сојузници од НАТО ги реализираа изминативе 30 години за потребите на персоналот на АРМ, бројката на офицери и подофицери кои со успех дипломираа на високите воени школи надминува 250 лица.



д-р Павле Арсоски, генерал-мајор



# Под знамето на ОН

## ОН во Источен Тимор (1999 – 2012), прв дел

Источен Тимор е островска земја во Југоисточна Азија со површина од 15.000 км$^2$ и околу 1,3 милиони жители. Низ историјата, земјата била провинција и повеќепати колонизирана. По Втората светска војна, како провинција останала под управа на Португалија, сè до 1975 г., кога една од најголемите локални политички партии, FRETILIN (Револуционерен фронт за независен Источен Тимор), ја стекнала контролата врз голем дел од територијата и прогласила независност на Демократска Република Источен Тимор. Со тој акт избувнала граѓанска војна меѓу демократските сили и поборниците, Тимор да стане автономна провинција во состав на Индонезија. Истата година индонезиските воени сили ја нападнале и ја окупирале областа, а во 1976 г. Индонезија ја прогласила провинцијата за свој составен дел (Timor Timur). Советот за безбедност на Обединетите нации, во врска со ситуацијата во Источен Тимор, усвоил резолуција во која се изразувала голема загриженост за настанатата ситуација, повикувајќи на прекин на крвопролевањето, осудувајќи ја интервенцијата на индонезиските вооружени сили и барајќи повлекување на нивните војници. Освен ова, Обединетите нации (ОН) не презеле други конкретни натамошни активности за промена на ситуацијата. Наредните две децении, десетици илјади граѓани на Источен Тимор ги загубиле своите животи спротивставувајќи се на индонезиската окупација и анексија или како резултат на глад и болести. Индонезија веќе била под голем меѓународен притисок. Како одговор на тој притисок индонезиската влада во 1999 г. спровела референдум за дефинирање на иднината на Источен Тимор. Народот ја поддржал независноста на земјата, па индонезискиот парламент ја укинал анексијата на територијата на Источен Тимор. На земјата ѝ бил вратен статусот на независност, но како територија под надзор на ОН. Сепак, трансферот на власта бил проследен со насилство од страна на милитанти кои биле против независноста. Резултат на немирите биле стотици убиени и илјадници кои побегнале на западната половина на островот.
Советот за безбедност, почитувајќи го резултатот од референдумот и

одлуката на Индонезија за укинување на анексијата на територијата на Источен Тимор, ги започнал подготовките за формирање мисија на ОН, во директен контакт со Одделот на ОН за политички прашања. Мировната мисија на ОН во Источен Тимор започнала со најширок мандат на мисија во историјата на ОН, за градење мир и градење на држава: со овластувања за воспоставување политички, безбедносни и правосудни институции, односно сеопфатна изградба на државата и нејзино претставување пред меѓународната јавност, вклучително и правото на потпишување меѓудржавни договори, и тоа во услови на целосна поддршка од страна на Советот за безбедност за воспоставување независност на државата, без учество на други безбедносни организации (ЕУ, НАТО, ОБСЕ, Африканската унија и др.). ОН биле ангажирани на оваа територија од 1999 г. до крајот на 2012 година.



**UNAMET, 1999 година**

Мисијата UNAMET (UN Mission in East Timor) била почеток на мировниот процес со испраќање тим за врски (280 цивилни полицајци и 50 воени офицери), со цел да изврши регистрација на лицата кои имаат право на глас, како и организација и спроведување „консултации со жителите“ за утврдување на волјата на народот за прифаќање посебна автономија за Источен Тимор во рамките на Индонезија или одвојување на земјата како независна. Во подготовката на мисијата бил вклучен и Одделот за мировни операции на ОН (DPKO), кој ги подготвил членовите на мисијата за спроведување на делегираните задачи во отежнати услови на дејствување.

Во исто време, на теренот се зголемил бројот на инциденти и персоналот на UNAMET сведочел за агресивна кампања во Индонезија, финансирање на партии кои се залагале за автономија на Источен Тимор во состав на Индонезија, резерви на рачно изработено оружје, насилство и создавање на голем број внатрешно раселени лица од жители кои биле подложени на силување и прогон. Персоналот на ОН, исто така бил подложен на разни заплашувања и напади, што довело до привремено прекинување на подготовките за регистрација на локалното население. По ваквите документирани наоди од страна на ОН и силниот политички и економски притисок од страна на меѓународната јавност, индонезискиот политички врв се согласил со намерата на Советот за безбедност на ОН за распоредување на меѓународни воени сили во Источен Тимор. Во септември 1999 г., Советот за безбедност на ОН усвоил резолуција за формирање на мултинационални сили **INTERFET** (*International Force in East Timor*), како сили за наметнување на мирот, со задача – враќање на редот и безбедноста на терен, поддршка на мисијата UNAMET и обезбедување хуманитарна помош. INTERFET и хуманитарните организации ги совладале последиците од масовното уништување на инфраструктурата и раселувањето на стотици илјади луѓе. ОН инсистирале меѓународните сили веднаш да бидат заменети со мировна операција на ОН. На тој начин INTERFET ја завршил својата мисија, предавајќи ја контролата врз територијата на Источен Тимор на новата мисија – UNTAET.





## UNTAET 1999 – 2002 година

UNTAET (United Nations Transitional Administration in East Timor), како интегрирана, мултидимензионална мировна операција, целосно одговорна за администрацијата на Источен Тимор за време на неговата транзиција кон независност, е мисија на ОН со најширок можен мандат досега, со задача да се спроведе мир и да се формираат сите државни институции на Источен Тимор: осигурување на безбедноста и одржување на редот и на законот на целата територија на Источен Тимор; воспоставување ефикасна администрација; помош во развојот на државните и социјалните служби; обезбедување координација и испорака на хуманитарна помош, помош за реконструкција и развој; поддршка при градењето капацитети за самоуправување; помош при создавањето услови за одржлив развој. Основни карактеристики на оваа мисија биле: јасна цел (целосна подготовка на земјата за независност); целосна поддршка од страна на Советот за безбедност на ОН; отсуство на вооружени судири по пристигнувањето на „Сините шлемови“; мала територијална покриеност; отсуство на други регионални организации на теренот.

UNTAET се состоел од компонента за јавна администрација, 1.640 цивилни полицајци и мировни сили „под оружје“ (9.150), што е бројно еднакво на INTERFET. Дополнително, во структурите на Преодната управа биле вградени компоненти за хуманитарна помош и обнова. За финансирање на активностите на преодната администрација биле ветени повеќе од 520 милиони американски долари. Веднаш бил формиран Национален консултативен совет, составен од 11 локални политичари и 4 членови од составот на UNTAET. Членовите на Советот биле консултирани и давале совети за: воспоставување правен систем, формирање судство, воспоставување официјална валута, формирање гранични контроли, систем на оданочување и создавање на првиот консолидиран буџет за Источен Тимор.




## Формирање на безбедносните структури на Источен Тимор

Заедно со воспоставувањето физичка безбедност на теренот, започнале и два, исто така важни процеси во земјата – DDR-процесот (демобилизација, разоружување и реинтеграција на припадниците на различни вооружени формации) и дефинирање на односот на „Сините шлемови“ со локалните постоечки и новоформираните безбедносни структури на Источен Тимор (војската и полицијата).

За реализација на целта на ОН, формирање на независна држава, било потребно формирањето на овие клучни институции за градење на одржлив мир во земјата, кои ќе бидат приоритет на преодната администрација. Но, тоа воопшто не била лесна задача. Дејствувањето на индонезиската армија и постоењето на различни милиции и други вооружени групи на територијата, во времето на подготовката на населението за формирање на државни институции, било голем безбедносен проблем. Во ОН преовладувал ставот дека создавањето војска би било прерано и несоодветно во фазата на решавање на итни хуманитарни, безбедносни и логистички проблеми на теренот. Нелогично за мисијата било и да се помага на вооружените групи, особено што во мандатот на UNTAET вооружените сили не биле спомнати експлицитно.

Во рамките на својот мандат, UNTAET имал и формирање на полиција, а нејзиниот развој останал да биде задача на речиси сите наредни мисии на ОН во Источен Тимор. Сепак, Цивилната полиција на ОН (UN Civilian Police – CIVPOL а подоцна UNPOL) не била доволно оспособена за полициска обука, градење капацитети и за организациски развој, заради различните пристапи и искуства на припадниците на полицијата од земјите контрибутори во мисијата.

Политичкото раководство на Тимор не било вклучено во формирањето на Полициската служба на Источен Тимор (ETPS, концепт „Полиција на заедницата“), која практично била компонента на CIVPOL, а закон за формирање на полициски сили не бил донесен сè до предизборните активности во август 2001 година. После изборите, контролата над ETPS ја задржал UNTAET. Било планирано да се обучат околу 2.800 полицајци за нешто повеќе од две и пол години, но реализацијата на проектот започнала со потешкотии поради низа системски пропусти. До крајот на јуни 2001 г. требало да бидат обучени 800 полицајци, а до крајот на годината, вкупно 1200 полицајци.

М.С.



# Народниот херој Страшо Пинџур



Страшо Пинџур бил роден како Страхил Пинџуров во Ваташа на 3 март 1915 година. По смртта на татко му, Димитар Пинџур, кој загинал како бугарски офицер во почетокот на Првата светска војна, во борбите кај Криволак, мајка му се премажила во Неготино, а грижата за него ја презела баба му Наца. Основното училиште го завршил во Ваташа, а нижа гимназија во Кавадарци. Потоа образованието го продолжил во Крагуевац, а во Белград студирал право. Во Белград се вклучил во револуционерното движење и во 1934 година се зачленил во КПЈ. Како напреден студент активно се вклучил во друштвото на напредните македонски студенти „Вардар", а станал и член на Акциониот студентски одбор. Во текот на 1938 година се обидел да се префрли во Шпанија и да се бори заедно со интернационалните бригади. Тој дошол до Прага, но не успеал да фати врска и да се вратил во Белград. Поради неговата активност бил привиден во полиција во мај 1938 година и спроведен во Истражниот затвор на Ада Циганлија. Летото 1939 година во Кавадарци , по негова иницијатива, заедно со Ристо Михов и Ѓошо Бојаџиев, ја обновиле работата на Комунистичката партија. По завршувањето на Правниот факултет неговата активност како револуционер уште повеќе се зголемила. Бил будно следен од полицијата и повторно уапсен во истиот затвор. Во еден обвинителен акт бил заведен дека работел како адвокатски приправник во Струмица. Пред самата окупација, Страшо Пинџур бил пуштен на слобода.
По окупацијата на Македонија, Страшо Пинџур станал член на Покраинскиот комитет како инструктор, а од јуни 1942 година бил член на Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Есента 1942 г., кога бил разбиен велешкиот партизански одред „Димитар Влахов", Страшо Пинџур, заедно со Мирче Ацев, дошол во Велес да ја консолидираат работата на партиската организацијата.
На 19 декември 1942 година тие биле откриени во куќата на Јован Митрев и биле спроведени во Обласната полициска управа во Скопје. Потоа двајцата биле подложени на невидени инквизициони мерки со цел да ги извлечат бараните информации од нив од страна на бугарскиот фашистички окупатор. Мирче не проговорил ниту збор, а Страшо извикал: „Ѕверови! Јас сум Страшо Пинџур! Доста е тоа за вас!".

Страшо Пинџур е македонски комунист и учесник во НОБ. Бил прогласен за народен херој на Југославија на 29 јули 1945 година, и е еден меѓу првите борци од Македонија кои го добиле тоа одликување







На 4 јануари 1943 година, во просториите на Скопскиот областен затвор, како последица на силните измачувања, умрел Страшо Пинџур. Истата вечер, неговото тело било однесено во непознат правец и закопано на тајно место, така што до ден-денес не се знае неговиот гроб. На тој начин се остварило претскажувањето од неговиот дневник, кој го водел во 1933 година, во којшто тој запишал: „Јас ќе умрам млад, а гробот нема да ми се знае“. Сведоштвото на началникот на Обласната полиција во Скопје, Љубомир Јорданов, вака го опишал мачењето на Страшо *Пинџур: „Освен што го кажа своето име, не сакаше ништо друго да каже. Поради тоа го тепавме. Го тепавме јас, Тенјо Рајков, Илија Николов, Андон Донев, Тодор Маринов ... Го тепавме со гумена палка по табаните и по целото тело, кој каде можеше, удирајќи го со клоци по грбот и стомакот, а два-три пати сме му ги ставале нозете во вода и потоа продолжувавме со тепањето. Два дена беше непрекинато тепан. Во многу тешка состојба беше вратен во ќелијата. Другиот ден попладне го испратив Тодор Маринов да го повика на сослушување. Тие се вратија и рекоа дека Пинџур умрел во ќелијата. Штом го рекоа тоа, отидов во ќелијата да го видам. Го најдов како лежи во пена што му избиваше од устата“.*

**Писмото од неговите соборци**

Откако се расчуло за маченичката смрт на Мирче Ацев и на Страшо Пинџур, нивните соброци издале леток по повод нивното убиство во кој детаљно и јасно ги изразуваат нивните стремеж и борбата за слобода. Ги опишуваат и нивните херојски семејства, како семејства кои се бореле за слободата на Македонија и зачувувањето на идеалите и на патот поставен на илинденците.

Само мал дел од писмото го опишува теророт и грозоморната слика на нивните тела: *„На колку хиљади чесни Македонци им се дигна косата кога го видоа Мирчета во болничка мртвачница и во Прилеп кога го закопуваа со исечени прсти, со извадени нокти и искинато месо от коските. Македонските мајки, татковци и сестри виделе ногу свој синови и браќја мачени и утепани, но до сега вакви дзверски и нечовечно мачене немајат видено. Вака не мачеле ни турските јаничари, башибозлуци и крджалии како што мачат Хитлеровите и бугарски фашисти. Додека Пинджурот го скрија да не се гледаат неговите искршени коски, оти поучени от Мирчевиот случај, видоа како за резилок стануват во очите на народот“.*

За неговата активност во организирањето на народот во борбата против фашистичкиот окупатор, како и за неговото храбро и достоинствено однесување во затворот, Страшо бил прогласен за еден од првите народни херои во Македонија. .Во негова чест и во чест на Мирче Ацев се испеани песните „Ајде да те прашам бре Донке“ и „Вардаре горд подзапри“.

Во неговото родно село, Ваташа, е зачувана спомен-куќата на Страшо Пинџур , во која, во 1976 година е поставена постојана изложба на експонати поврзани со неговиот живот. Куќата е реновирана во 2012 година. Името на народниот херој на Македонија, Страшо Пинџур, е запишано со златни букви во поновата историја на македонскиот народ, тој претставува пример за храброст и страдање од ѕверско измачување, до смрт, без притоа некого да го издаде. Страшо Пинџур го положи својот млад живот за темелите на татковината. Тој претставува најсветол пример за неизмерна храброст,патоказ по кој треба да одат сегашните и идни генерации Македонци.

Антоанела Димитриевска



# Теоријата на праведна војна

## Модерниот концепт за војна на Клаузевиц 1

Обидите на меѓународната заедница, делови од традициите да се вметнат во меѓународните закони, ги направиле традициите и обичаите „универзални“. Но, таа нивна универзалност не претставува обврзувачка одредба за сите чинители на меѓународните односи, поврзано со распределбата на чинителите помеѓу крајниот морален универзализам и крајниот морален релативизам. Клучен елемент во почитувањето на моралните и законските одредби за време на војна е да се разбере зошто е потребно тие да се вреднуваат како пожелни. Современата теорија на праведна војна се дели на три дела: (1) Jus ad bellum (кога државите можат легитимно да водат војна), (2) Jus in bello (како државите легитимно да ги водат војните) и (3) Jus post bellum (како државите легитимно да ја завршат војната).

Jus ad bellum се однесува на праведноста на војната, односно кога е легитимно да се војува. Во античкиот Рим, Цицерон пишува за Jus gentium, односно Законот за нации во кој се дефинирани вродени и неотуѓиви права кои се универзални за сите луѓе, но големите римски војсководци ретко ги почитувале тие одредби. Августин од Хипо (IV и V век), во своите теолошки и христијански учења, тврди дека, иако човекот треба да го сака мирот, сепак треба да биде подготвен да бори да го одржи или да го постигне мирот. Оттаму, тој не ги оправдува превентивните и агресивните војни, но ги оправдува одбранбените војни. Тома Аквински во XIII век ги кодифицира учењата на Августин во обид да ги дефинира условите под кои една војна би била праведна.

Моралниот универзализам и моралниот релативизам, заедно со теоријата на праведна војна, иако своите корени ги имаат во минатото, сепак се неопходни за функционирање на воените професионалци. Кај секој воен професионалец со изградена свест и морални вредности, секогаш ќе постои дилемата за тоа дали праведно војува и дали правично победува



До XIX век сите тие размислувања биле веќе добро поставени како традиција, но првата практична примена ја наоѓаат во Конвенциите од Мировните конференции во Хаг, во 1899 и 1907 и Женевските конвенции. Истите тие одредби се основа во формирањето на Лигата на нации во 1920 и во 1945 г. стануваат дел од Повелбата на ООН и со формирањето на Меѓународниот суд на правдата стануваат дел од меѓународното право. Уште од почетните размислувања за праведноста на војната се дискутира за принципот за легитимноста на авторитетот, за правичноста на причината за војната (само за да се справи со неправда) и за вистинските намери (само за создавање на условите за живот и благосостојба кои биле загрозени кога е сторена неправдата). Неправдата секогаш е неподнослива, но агресијата (нападот) секогаш е неправедна и мора да се избегнува. Дефинирани се четири



принципи на праведна војна. Првиот е вистински авторитет и јавна објава. Вистинскиот авторитет е тоа што ја прави војната различна од убиство и ги прави војниците различни од криминалци. Јавната објава на војната подразбира јавно објавување на војна на вистинскиот авторитет од противничката страна. Вториот принцип е правична причина. Според вториот принцип, не е оправдано водење на војна за заземање на територии или имот и водење на војни за смена на владејачки режим. Третиот принцип е веројатноста за успех, односно, целите поставени за остварување во праведната војна мора да се остварливи. Во основа, овој принцип обезбедува основа за градење на коалиции. Четвртиот принцип е принципот на последно средство. Овој принцип подразбира искористување на сите ненасилни начини за разрешување на конфликтот пред да може да се легитимизира употребата на воена сила. Дополнително, доаѓа до израз и пропорционалноста, односно процената за причинетата штета со употребата на воената сила. Овој принцип го поддржува употребувањето на помала воена сила на почетокот на војната за потоа, ако е потребно, употребата на воена сила да ескалира. Употребата на воени средства кои би причиниле огромни штети, како на пример нуклеарно вооружување, веднаш на почетокот на непријателствата во една војна, е во спротивност во четвртиот принцип. Изворот за законитоста на принципите од jus ad bellum доаѓа од член 2 на Повелбата на ООН, кој гласи: „Сите земји членки ќе се воздржат при вршењето на нивните меѓународни односи од закана за користење на сила против територијалниот интегритет и политичка независност на која било држава и од кое било друго однесување кое е во спротивност со намената на Организацијата на Обединети нации.“ Во членот 51 се вели: „Ништо во оваа повелба не може да го попречи неотуѓивото право за индивидуална или колективна самоодбрана доколку се случи вооружен напад на земја членка на ООН.“ Со ова, Повелбата не го доделува правото за самоодбрана туку само го потврдува како веќе постоечко, но воедно и строго го ограничува користењето само во случаи кога постои (потврден или претстоен) вооружен напад.  Jus in bello е дел од меѓународната законска регулатива и познат и како Закон за вооружен конфликт. Законот во себе ги опфаќа сите меѓународни законски прописи кои се однесуваа на војувањето, заедно со сите други меѓународни договори кои се во сила.

Намената за Законот за вооружен конфликт е да ја направи војната колку што е можно похумана, да ја зачува можноста за воспоставување на мирот по завршувањето на непријателствата, да ги заштити цивилите, да ги намали ужасите од војната и да ги заштити борците од непотребно страдање и да ја зачува хуманоста што ја поседуваат. Тој дава законска рамка на борците за нивното однесување за време на војна со која тие можат да го сочуваат својот морален кредибилитет и повторно да се интегрираат во своите општества.

Воените институции, односно системите за воено образование во нивни рамки, се одговорни да ги запознаат своите припадници со принципите на Законот за вооружен конфликт за да ги знаат заштитените категории, да можат да употребат соодветна тактика во борбените дејствија, да можат да изберат систем на вооружување и муниција кои одговараат на дадената ситуација и да можат да ги разберат причините и обврските зошто мора да ги почитуваат одредбите од Законот за вооружен конфликт, дури и кога противникот не го прави тоа.

Законот за вооружен конфликт обезбедува рамнотежа помеѓу хуманитарната грижа и политичката, стратегиската и оперативна реалност на борбата на бојното поле. И покрај сите напори на вооружените сили за образование и обука на персоналот за почитување на одредбите од Законот за вооружен конфликт, и понатаму се соочуваме со нивно прекршување. Кога таквите прекршувања се случуваат, тие влијаат негативно врз легитимитетот на вооружените сили кои ги извршуваат операциите и имаат потенцијал да ја нарушат меѓународната положба и стратегиските интереси на државата на која ѝ припаѓаат. Дополнително,





прекршувањата на одредбите од Законот за вооружен конфликт ги загрозуваат животите на невините цивили, го нарушуваат моралот на воените професионалци. Иако во вооружените сили постојат специјализирани правни служби, сепак одговорноста за почитувањето на законските одредби ја имаат командантите, односно командирите. Командната клима во вооружените формации на одредена воена сила мора да поддржи избегнување на прекршување на одредбите од Законот за вооружен конфликт по секоја цена и нивно пријавување, по синџирот на командување, доколку се случат.

Постојат пет основни принципи според кои е уредена законската употреба на сила во вооружен конфликт. Првиот принцип е воена неопходност, според кој одредена тактичка активност мора да биде наменета за да ги порази противникот. Целта на тактичката активност мора да е легитимна воена цел и штетата врз цивилите и цивилниот имот мора да е пропорционална, но не и да ја надминува вредноста на непосредната очекувана воена цел. Вториот принцип е разликување кој предвидува двете страни во вооружениот конфликт да ги разликуваат борците и цивилите. Третиот принцип е пропорционалноста и се надоврзува на пропорционалноста опишана во првиот принцип. Четвртиот принцип е човечност кој ја ограничува употребата на системи на вооружување и муниција кои би предизвикале страдање кое е непропорционално со воената предност која би била постигната со користење на легитимни системи на вооружување и муниција. Овој принцип забранува користење на легитимни системи на вооружување и муниција на начин на кој би се предизвикало непотребно страдање. Петтиот принцип е чесност и тој подразбира одржување на одредена почит помеѓу противниците. Страните во вооружен конфликт мора да прифатат дека средствата и начините со кои можат да си наштетат меѓусебно не се неограничени. Тие мора да се воздржат од искористување на предност кога противниците се придржуваат кон одредбите на Законот за вооружен конфликт и воедно мора да знаат дека борбата помеѓу нив не потекнува од лично непријателство, туку потекнува од авторитетот доделен од нивните држави.

Jus post bellum се однесува на правдата која следи по завршување на вооружените судири во една војна. Во jus post bellum се опфатени принципите според кои завојуваните страни треба да го прекинат конфликтот и да се вратат во состојба на мир. Законитоста на jus post bellum е основана на Хашките конвенции. Брајан Оренд, во својата книга „Војна и меѓународна правда: Кантовска перспектива“, наведува пет принципи на jus post bellum: (1) правично завршување на војната штом се постигнати целите на војната; (2) правилна намера која би значела непостоење на одмазда; (3) работа со легитимен авторитет од поразената страна кој ги почитува човековите права; (4) разликување, што би значело непостоење на колективни казнувања и (5) пропорционалност.

По завршувањето на вооружениот конфликт страните мора да се вратат и повторно да ја разгледаат неправдата која го предизвикала вооружениот конфликт. Крајниот исход секогаш треба да е воспоставување на мир. Во насока на воспоставување и одржување на мирот потребна е одговорност за криминалните дела кои се откриени за време на вооружениот конфликт.

И, на крај, поразените треба повторно да се внесат во меѓународниот систем на односи. Моралните принципи опишани во теоријата за праведна војна остануваат да служат како стандард врз кој се споредува однесувањето на воените професионалци при вршење на својата професија на боиштето и во зоната на операции.

Томица Ристоски



(© AP Images)





# Пошумување на локалитетот Спомен-костурница во Куманово

Здружено,, припадници на Армијата од кумановската касарна „Боро Менков“, пожарникари, советници од Советот, претставници на здруженија на граѓани, садеа садници на локалитетот Спомен-костурница во Куманово. Убавото сончево време ја надополни убавата работна атмосфера. Овојпат сите ги следеа насоките на стручните лица од кумановското јавно претпријатие „Чистота и зеленило“. Точно определени садници ќе го красат овој дел од градот. Околу 1.000 висококвалитетни садници беа посадени на акцијата за пошумување на локалитетот Спомен-костурница во Куманово, во рамки на акцијата „Куманово, мој зелен дом“.
Директорот на претпријатието, Даниел Стојчевски, рече дека во наредниот период ќе се засадат вкупно 3.000 садници, на места каде што има пристапни терени за полевање.
Тој ѝ се заблагодари на Армијата за поддршката, велејќи дека се одлични соработници без кои не поминува ниту една акција за пошумување. Садниците, не само што го разубавуваат пределот, туку се дел од мерките за намалување на аерозагадувањето. „Впрочем, и оваа мерка и овие акции коишто ги преземаме се дел од планот за долгорочно справување со аерозагадувањето и заштитата на чистата животна средина и чистиот воздух и засадуваме висококвалитетни садници, главно онаму каде што има пристапни терени за полевање, бидејќи често сме сведоци на нивно уништување од страна на несовесни граѓани, но садиме и зимзелени дрвја“, изјави Стојчевски.
Кумановскиот градоначалник, Максим Димитриевски, рече дека цивилно-воената соработка со Армијата е одлична. Не криејќи го задоволството, тој најави заеднички акции за пошумување и на други локации во Куманово. „Ќе бидат посадени 1.000 садници дополнително и на други локации. Една од можните локации за пошумување е на локацијата околу градските гробишта, оној зелен ѕид да се обидеме да го обновиме и дополнителни локации на предлог од граѓаните. Апелирам да контактираат со ЈП „Чистота и зеленило“ и воедно да ги информирам граѓаните доколку имаат план или намера и самите да се вклучат во вакви акции можат во секој момент да се обратат во ЈП и да добијат садници за пошумување на јавно прометни површини и државно земјиште“, изјави градоначалникот на Куманово, Максим Димитриевски.
И претседателката на Советот рече дека имаат одлична соработка со припадниците на Армијата. Заедничките акции ја покажуваат грижата за околината, за житвотната средина. „Да повикаме голем број на граѓани, тие да си одредат локации во согласност со она што имаме потреба како општина и еве можност да им се обратам на сите претседатели на месни заедници, управители на згради и населби, кои имаат потреба да пошумат, да направат некое убаво катче за седење да се обратат кај мене и во соработка со ‘Чистота’ ќе набавиме убави садници и да го оплемениме градот. Јас постојано инсистирам на еколошка едукација и кревање на еколошката свест на луѓето, сè што бараат ќе им се даде, меѓутоа, услов е да не фрлаат отпадоци во реките“, изјави Ивана Ѓорѓиевска, претседателка на Советот на општина Куманово.

Александра Максимовска



# Армиските „скорпии“ од 2. пешадиски баталјон – синоним за професионалност и обученост

Од 1 октомври до 22 октомври во воената база „Хохенфелс“ во С.Р.Германија се одржа мултинационална вежба „KFOR 31“, каде што Република Северна Македонија учествуваше со 3. пешадиска чета од 2. пешадиски баталјон, заедно со уште пет земји учеснички на Вежбата, воени единици од САД, Италија, Молдавија, Албанија и Косово

Целта на оваа мултинационална вежба беше финална подготовка и проверка на обученоста на персоналот кој учествува во мировната мисија KFOR на Косово во изведување на заеднички операции за поддршка на мирот според НАТО-стандарди и критериуми. Операциите за поддршка на мирот во вежбата „KFOR 31“ се состоеја од операции за безбедна и сигурна средина (SASE – safe and secure environment ) и операции за обезбедување слобода на движење (FOM – freedom of movement), спроведени во операцијата **„Ноќен јастреб“** („Nighthawk“).

Подготовките за самата вежба започнаа со планирачки конференции во април и во јули 2022 година, кога беше утврдена основната рамка според која ќе се изведува вежбата. Командниот тим на 3. пешадиска чета, после планирачката конференција, ги одреди индивидуалните и колективните задачи, како и правците на дејство и развој, според кои еден месец пред почетокот на вежбата, 3.пешадиска чета започна со интензивна обука по критичните теми кои се опфатени со операциите за поддршка на мирот, со цел успешно решавање на сите тактички задачи добиени во текот на вежбата.

Концептот на вежбата се одвиваше според следново: пристигнување на учесниците на Вежбата во воената база „Хохенфелс“, нивно сместување, задолжување со борбена опрема и возила, извежбување со цел унифицирање на постапките во согласност со стандардните оперативни процедури на постоечката мисија KFOR во Косово, реализација и оценување на Вежбата, враќање на опремата и на возилата, анализа на постигнатите резултати и напуштање на базата „Хохенфелс“ и нивно безбедно враќање во матичните држави.

Вежбата „KFOR 31“ беше реализирана на ниво баталјон. Армијата на Република Северна Македонија беше единствена земја учесник, којашто со Армијата на САД учествуваше со единица на ранг чета во состав на 2. пешадиски баталјон од 151. пешадиски полк (2-151 IN BN), додека останатите земји учествуваа во формирање на чета од мешовит национален состав, составен од различни родови на нивните армии. Фактот, дека Армијата на Република С. Македонија учествува со цела формациска чета од родот пешадија, остави силен впечаток во Командата на 2. пешадиски баталјон од 151. пешадиски полк (2-151 IN BN), а ова, воедно, значеше дека се зголемија очекувањата од македонските војници. Периодот предвиден за извежбување на учесниците во вежбата се состоеше од обука во справување со толпа демостранти (CRC – cordon and riot control), реализирана  со инструктори

од германската воена полиција, постапки за справување со огнена опасност при напад со молотов котел (fire phobia), реализирана со инструктори од словенечката армија, патролирање во зона на одговорност, сихронизирани, здружени и независни патроли (sync patrol,  joint patrol и ABL patrol), реализирани со инструктори од Армијата на САД, како и работа во тактички оперативен центар при прием и издавање наредби, развој и дистрибуција на план, процедури на трупно водење, воено планирање и командување со потчинетите единици при извршувањето тактички задачи.

Откако заврши периодот за подготовка и извежбување на единиците, од 16 до 20.10.2022 година, започна операцијата „Ноќен јастреб“ („Nighthawk“), којашто претставуваше главен дел од вежбата „KFOR 31“, во која 3. пешадиска чета имаше целосна реализација на сите активности. За време на оваа операција, Третата пешадиска чета повеќепати беше пофалена и истакната како врвно обучена единица според стандардите на НАТО.  За особена пофалба и пример беше употребата на кордон од македонски војници во справување со толпа демонстранти, кордон кој ниту во еден случај не беше пробиен, иако агресивноста на маркираните соодветствуваше со реалната ситуација. Патролирањето во зоната на одговорност, исто така беше целосно реализирано со решавање на голем број тактички ситуации кои се состоеја од постапки при илегално преминување на административната гранична линија, криумчарење, недозволено сечење



на шума, постапки при наидување на вооружени лица и групи, постапки при наидување на неексплодирани минско-експлозивни средства, постапки при давање на прва помош на повредени и медицинска евакуација, како и најразлични постапки на Силите за брзи реакции (QRF). На мултинационалната вежба „KFOR 31“ учествуваа 137 припадници од 2. пешадиски баталјон на Армијата на Република Северна Македонија.

Припадниците од составот на 2. пешадиски баталјон од 1. пешадиска бригада, на оваа вежба ги прикажаа своите способности и професионално однесување, придонесувајќи на тој начин за афирмација и подобрување на угледот на Армијата. Вложувањето во квалитетот и во континуираниот процес на обука на припадниците од 2. пешадиски баталјон, заедничките обуки и вежби со припадниците на армиите на Обединетото Кралство и на САД, постојаното тежнеење во достигнувањето и надминувањето на поставените стандарди, придонесоа добро познатите „скорпии“, водени од нивното мото, **„Чест и сила“**, да бидат препознатливи и ценети, како во државата така и во странство, како единица која може да изведува најсложени тактичко-борбени задачи, самостојно или здружено со останатите земји членки на НАТО.

Виктор Крстевски
Дарко Калинов



АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ТРИЕСЕТ ГОДИНИ













# 10-ти
# РЕНЏ



















# И ЈУБИЛЕЈНИ
# ЕРСКИ ИГРИ









# Сингапурско БВП-возило „Hunter“ („Ловец“)

Развојот на БВП-возилото „Hunter“ под кратенката NGAFV започнува во 2006 година.

На воздухопловниот саем „Singapore AirShow 2018“, сингапурската компанија „ST Engineering“ првпат јавно го претстави новото БВП возило NGAFV (Next Generation Armored and Fighting Vehicle/ Наредна генерација на оклопно борбено возило), во кое е вградена најсовремената дигитална воена технологија. Целта на развојот е замена на оклопните транспортери „M113A2“ во сингапурската армија. Во развојот на „Hunter“ учествуваат компанијата „ST Engineering“, агенцијата DSTA (Defence Science and Technology Agency) и сингапурската армија. Првите испораки на возилото за сингапурската армија започнуваат во 2019 год.

Борбеното возило на пешадијата „Hunter“ припаѓа во групата на гасенични оклопни возила и има по 6 потпорни тркала од секоја страна. Потпорните тркала поседуваат хидропневматска амортизација, произведена од компанијата „Hortsman“, а гасениците му се метални со вметнати гумени папучи, но по желба на корисникот може да се постават гумени гасеници. Основниот оклоп на модуларното возило е изработен од заварени челични плочи на кои може да се поставува различен дополнителен пасивен оклоп, со цел зголемување на заштитата од балистички проектили, мини и импровизирани експлозивни направи. Модуларноста на конструкцијата овозможува надградба со дополнителен оклоп, во зависност од заканите на бојното поле и според барањата на корисникот. Екипажот на возилото е составен од командир, нишанџија, возач и десантно одделение од 8 војници.

Во предниот десен дел од возилото е вграден погонот, а од левата страна е позицијата на возачот. Позади нив се позициите на нишанџијата (лево) и на командирот (десно), а во задниот дел е просторот за сместување на 8-членото десантно борбено одделение. Позади е вградена десантна рампа за влез/ излез во која е вградена помала помошна врата, а на кровот од транспортниот оддел има 2 мали отвори кои можат да се користат од војниците.

За потребите на возачот, на поклопецот од неговиот отвор се вградени 2 перископи, плус еден перископ е поставен на кровот од неговата лева страна, додека внатре пред него се вградени 3 дисплеи за прикажување на сите потребни податоци од камерите и сензорските уреди на возилото.

Возилото, внатрешно, за потребите на командирот и на нишанџијата, е опремено со интегрирана борбена кабина со вградени 3 повеќенаменски дисплеи на допир, стоп-копче за инстант сопирање на возилото, два исти контролни сетови за управување со возилото кои овозможуваат командирот и нишанџијата да управуваат со уредите во возилото, но и систем за електронско управување и возење, што му овозможува на командирот да го преземе управувањето од возачот. Инаку, за командирот на кровот е вграден поклопец пред кој се вградени 2 перископи. За нишанџијата, исто така, се вградени 2 перископи. Командантот и нишанџијата имаат независни нишани. Кај позицијата на командирот на десантното одделение во транспортниот оддел е вграден еден повеќенаменски дисплеј на допир на кој се прикажува сликата од 12-те камери поставени на возилото. Исто така, возилото е опремено со систем за автоматско откривање и следење на цели, што ја подобрува способноста на екипажот за побрзо и поефективно откривање и дејствување врз целите. Една од преностите на ова возило е и неговата опременост со набљудувачки камери, односно сет од по 3 камери вградени напред и на задниот дел од возилото и по 3 одвоени камери поставени на бочните страни од возилото. Сите овие камери покриваат видно поле од 360° и овозможуваат војниците да поседуваат голема ситуациска и навигациска свесност за боиштето. Мрежната поврзаност на војниците со возилата и возилата со возилата преку системот за команди и контрола ARTEMIS (Army Tactical Engagement and Information System) овозможува планирање на мисиите од ниво на вод до баталјон. Воедно, и C4-комуникациската поврзаност овозможува зајакнување на мрежните борбени способности на армијата. Исто така, возилото е опремено со клима уред, систем за детекција од ласерска озраченост, електронски дигитални уред со отворена архитектура и многу други уреди кои овозможуваат надградба.На горниот дел, централно возилото е опремено со современата беспосадна борбена купола „Samson Mk II“ од компанијата „Rafael“ од Израел. Во неа е вграден стабилизираниот автоматски топ „Mk44 Bushmaster II“ со калибар од 30 mm и коаксијален митралез со калибар од 7,62 mm, поставен од десната страна на топот. Топот поседува елевација од -12°/+70°, а со ротација на куполата може да дејствува 360°. Во борбената купола за топот се сместени 200 гранати 30x173 mm. Напред, на бочните страни од борбената купола се поставени по 4 лансери на димни гранати со калибар од 76 mm. Одреден број од возилата наменети за противтенковска борба на задниот лев дел од куполата имаат монтиран двоцевен лансер на склопување за противоклопните наведувани ракети „SPIKE-LR2“.

Куполата е опремена со панорамски стабилизиран електрооптички нишански систем за командирот и стабилизиран електрооптички нишански систем за нишанџијата. Овие нишански системи се опремени со дневни и термални камери и ласерски далечиномер, а се комбинирани со дигитален борбен контролен систем преку кој се прикажува сликата на дисплеите вградени во внатрешноста од возилото.Како погон во возилото е вграден турбо дизел-моторот „MTU 8V199 TE 20“ (со моќност од 720 кс), во комбинација со автоматската хидромеханичка трансмисија KDS HMX 3000. Од возилато се развиени следните верзии: борбено возило на пешадијата, командно возило, лесен тенк опремен со борбена купола „Cockerill 3105“ со топ од 105 mm, носач на склопен мост, оклопно сервисно и инжинериско возило.

Ивица Дамески






**Објаснување на пресек-сликата**
**Пресек на „БВП Hunter“**

1. Турбо дизел-мотор „MTU 8V199 TE 20“ и автоматска трансмисија KDS HMX 3000
2. Автоматски топ „Mk44 Bushmaster II“
3. Бочна камера
4. Перископ за командирот, а до него отвор за командирот
5. Лансер на димни гранати од 76 mm
6. Коаксијален митралез со калибар од 7,62 mm
7. Електрооптички дневно-ноќен нишан за нишанџијата
8. Панорамски електрооптички дневно-ноќен нишан за командирот
9. Двоцевен лансер на склопување за противоклопните наведувани ракети „SPIKE-LR2“
10. Беспосадна борбена купола „Samson Mk II“
11. Задни камери (вкупно 3)
12. Поклопец од отвор на кров од транспортното одделение
13. Бочна камера
14. Пасивен модуларен оклоп
15. Мрзливец
16. Седишта во транспортен оддел, отпорни на минска експлозија
17. Гасеници со вметнати гумени папучи
18. Потпорно тркало
19. Бочна камера
20. Бочна камера
21. Седиште за нишанџијата
22. ARTEMIS-систем во кој се интегрирани: C4-мрежната комуникациска поврзаност, дигитализирано планирање на мисиите, систем за автоматско откривање и следење на цели и систем за мониторинг и дијагностицирање на состојбата на возилото
23. Бочен перископ за возачот
24. Поклопец за возачот, опремен со 2 перископи
25. Погонско тркало на гасениците

| Тактичко-технички карактеристики на возилото БВП **„Hunter“** | |
|---|---|
| Екипаж | 3 члена + 8 десантни војници |
| Должина | 6.9 m |
| Широчина | 3.4 m |
| Височина | 3.4 m |
| Борбена тежина | 29.500 kg |
| Погон | Турбо дизел-мотор „MTU 8V199 TE 20“ со јачина од 720 ks, во комбинација со автоматска трансмисија KDS HMX 3000 |
| Максимална брзина | 70 km/h |
| Вертикална препрека | 60 cm |
| Премин преку ров | 2.1 m |
| Длабочина на водена препрека | 1 m |
| Преден наклон | 60% |
| Бочен наклон | 30 % |
| Оперативен радиус на движење | 500 km |




# Хеликоптер „LCH“

> Лесниот борбен хеликоптер „LCH“ (Light Combat Helicopter) е индиски повеќенаменски хеликоптер, дизајниран и произведен од компанијата „Hindustan Aeronautics Limited“ (HAL). Дизајнот и развојот на LCH биле направени од страна на индискиот Центар за истражување и дизајн на хеликоптери (Rotary Wing Research and Design Centre)

Хеликоптерот „LCH“ (Light Combat Helicopter) е нарачан за потребите на индиските воздухопловни сили, како и за индиската армија. Причина за појава и дизајн на воздухопловот е конфликтот што се водеше во 1999 година помеѓу Индија и соседен Пакистан. Научените лекции од судирот покажале дека индиските вооружени сили немаат соодветно вооружено летало (повеќенаменски хеликоптер), со капацитет оперативно да делува во театарот на операции на мали и големи височини. Индија, и соседната земја, Пакистан, се вклучиле во краток, но интензивно борбен конфликт познат како „каргил војна“. Оваа војна во која биле распоредени различни елементи на индиската војска, ги открила оперативните недостатоци и областите за подобрување, особено барањето за борбен хеликоптер кој би бил погоден за употреба во областите со голема надморска височина. Биле планирани седум ескадрили, секоја со по десет хеликоптери. Индиските воздухопловни сили, како дел од индиските вооружени сили, со својот персонал и воздухопловите се рангирани на третото место помеѓу воздушните сили во светот, со примарна мисија да го обезбедат индискиот воздушен простор и да водат воздушна војна за време на вооружен конфликт. Официјално се основани на 8 октомври 1932 година како помошни воздухопловни сили на британската империја. Откако Индија стекна независност од Обединетото Кралство во 1947 година, името на кралските индиски воздушни сили било задржано сè до 1950 година. Претседателот на Индија е врховен командант на индиските воздухопловни сили.

**Развој и карактеристики**
Компанијата „Hindustan Aeronautics Limited“ (HAL) и индиските вооружени сили започнале истражувачки напори за дизајн на борбен хеликоптер.
Во текот на 2004 година индискиот производител „HAL“ изјавил дека „компанијата била во средина на разговорите со индиските вооружени сили за потенцијален дериват на лесен борбен хеликоптер. Во таа насока, индиските вооружени сили одлучиле да ги намалат плановите да порачуваат хеликоптери произведени во странство. Во текот на 2006 година компанијата објавила дека започнала развојна програма за производство на ваков тип хеликоптер. Првично се очекувало да ја постигне почетната оперативна способност до декември 2010 година, но развојот на типот бил предмет на неколку одложувања. Почетниот прототип на LCH го извршил својот прв лет на 29 март 2010 година. Била спроведена обемна програма за тестирање, која вклучувала четири прототипови. Тестирањето било

постојано реализирано со слетување на неколку хелиодроми на голема надморска височина (од 4145 метри до 4815 метри). Максималната тежина на полетување на хеликоптерот изнесувала 5800 килограми, до височина од 6.500 метри (истата се намалува со зголемување на височината).
Вториот прототип „LCH“ значително се разликувал од неговиот претходник. Бил опремен со вооружување (со ракети „FZ275 LGR“ и проектили „Mistral“), со значително намалена тежина и истиот бил вклучен во серија испитувања на ниво на море. Овие испитувања ги опфаќале перформансите на летот, оптоварувањата и управувањето со хеликоптерот. Во почетокот на 2015 година биле спроведени голем број испитувања на студено време. Тестовите за стартување на моторот извршени со помош на внатрешни батерии по долга ноќна изложеност на студени временски услови без примена на посебни заштитни мерки се покажале задоволителни на температури до -18 °C и на надморска височина од 4100 метри. Тестирањата на летовите на топло време биле реализирани на температури кои се движеле во интервал од 39 до 42 °C. Биле завршени тестирања на вооружената конфигурација, завршени тестовите за интеграција на сензорите за извршување мисии, електрооптичкиот систем, како и автоматската контрола на летот.
Во средината на 2012 година, третиот прототип на „LCH“ како значително полесен од неговите претходници, со различни други подобрувања бил подготвен за испорака. Третиот прототип го реализирал својот прв лет на 12 ноември 2014 година.
Во средината на 2016 година, на хеликоптерот биле завршени тестовите за перформанси, отворајќи го патот за сертификација на неговата основна конфигурација. Ограничено сериско производство на „LCH“ е реализирано на 26 август 2017 година, кога министерот за одбрана официјално го инаугурирал целосното производство на „LCH“. Хеликоптерот бил прогласен како подготвен за производство во февруари 2020 година, а хеликоптерската дивизија на компанијата со седиште во Бенгалуру, формирала наменски хангар за сместување на линијата за склопување. Околу 15 варијанти на производство со ограничена серија за армијата и воздухопловните сили се градат во компанијата, а поставен е и дополнителен хангар со капацитет за максимално производство од 30 хеликоптери годишно. Лесниот



борбен хеликоптер се очекува да стапи во употреба во блиска иднина. Индиската армија планира да набави 114 од овие хеликоптери, а индиските воздухопловни сили околу 65 парчиња. Сепак, не се знае кога и дали ќе бидат произведени и испорачани хеликоптерите. Голем број индиски воени проекти и странски набавки на оружје биле стопирани или доцнеле поради проблеми со финансирање и корупција.
Опремен со пилотска кабина за сместување на пилот и копилот, тој е развиен за извршување антипешадиски и противоклопни мисии, за изведување воздушна одбрана од воздушни цели кои бавно се движат (вклучително и авиони со екипаж и беспилотни летала) и за задачи во противбунтовнички операции. Хеликоптерот се користи за уништување на противвоздушната одбрана на непријателот, за поширока офанзивна употреба во услови на урбана војна, за специјални операции со хеликоптер, поддршка за борбено пребарување и спасување, како и за воздушни извидувачки мисии.
Тој поседува релативно тесен труп и е опремен со заштита, со цел да извршува борбени операции во текот на денот и на ноќта. Располага со интегриран систем за авионика и мултифункционални дисплеи поврзани со ситемот за означување на целта. Истакнат елемент на хеликоптерот е нишанот поставен на пилотскиот шлем, кој служи како главен инструмент за таргетирање во сите временски услови, вклучително и при ноќни услови, како и за активирање на вооружувањето. Содржи обемен пакет за електронско војување со различни одбранбени елементи за заштита: радар, ласерски приемник и систем за предупредување од проектили.

Драган Павловски






# „Cockerill i-X "
# Белгиско интегрирано борбено возило од следната генерација

„Cockerill i-X" е интегрирано борбено возило на тркала 4x4, дизајнирано и развиено од страна на белгиската компанија „John Cockerill Defense", интегриран снабдувач на прецизни решенија за смртносност. Се тврди дека ова возило е првиот копнен пресретнувач, произведен било кога. Компанијата го претстави возилото „Cockerill i-X" на Светскиот саем на одбранбената индустрија во Ријад, Саудиска Арабија, во март 2022 година. Возилото за прв пат во Европа беше прикажано за време на меѓународната одбранбена конференција „Eurosatory" 2022 година во месец септември во Париз, Франција. Борбеното возило може да обезбеди одлична подвижност и големи брзини во театрите на воените операции.

> „John Cockerill Defense", компанија со седиште во Белгија, позната по своите топови, куполи и далечински управуваните вооружени станици, произведе ново возило што го нарекува „првиот копнен пресретнувач во светот"

**Дизајн и карактеристики на борбеното возило „Cockerill i-X"**

„Cockerill i-X" има лесен дизајн и може да ги пресретне и да ги порази заканите кои доаѓаат од земја, слично како авион-пресретнувач во воздух. Ги комбинира вооружените системи и експертизата за перформансите на рели нападите, за да обезбеди подобрени операции на земја. Може да смести екипаж од двајца, вклучувајќи нишанџија и возач. Возилото може да се транспортира по воздушен пат, по море и копно преку платформи како што се авиони и хеликоптери, камиони и возови. Може да се фрли од воздухопловите со помош на падобран. Системот обезбедува голема брзина, прикриеност, огнена моќ и вградена интелигенција. Понатаму, има низок центар на гравитација и намалена аеродинамичка отпорност. Може да следи повеќе цели истовремено. Интегрираниот копнен пресретнувач обезбедува заштита од балистички закани во согласност со STANAG 4569 Ниво 2 и противминска заштита во согласност со STANAG 4569 Ниво 3. Борбеното возило „Cockerill i-X" обезбедува подобрени стелт-способности, со цел да понуди предност на бојното поле во однос на непријателот користејќи ја технологијата стелт (прикривање). Куполите на борбеното возило се модуларни и се повлекуваат за да обезбедат стелт-способности за време на мисиите. Приспособливата камуфлажа може да се користи за управување со изгледот, додека инфрацрвениот

(IR) и акустичниот потпис може да се модифицираат за дополнително да се зголеми прикриеноста на возилото.

## Вооружување и опрема

Оклопното возило со 2 врати може да биде вооружено со оружје како што се топови од 25 или 30 мм, противтенковски проектили и ракети.

Вооружената станица на врвот на возилото може да биде опремена со автоматски топ од 25 мм со двоен довод или автоматски топ 30 х 113 мм, со по 120 куршуми подготвени за испукување и секундарен митралез од 7,62 мм со 400 - 600 куршуми подготврни за испукување. Друга опција е опремување на вооружениот систем со две до четири подготвени противтенковски наведувани проектили (ATGM) и митралез од 12,7 мм. Возилото може да се интегрира и со ракетен фрлач со обезбедување до седум цевки за лансирање. Секоја купола може да се повлече, се ротира за 360 степени и се навалува од 60 степени над до десет степени под елевација (-10° до 60°). Стабилизираниот електрооптички систем за нишанење со две оски од 360° опремен со телевизор, инфрацрвена и ласерски далечинометар му овозможува на операторот да открие цели до 16,8 километри. Термичкиот снимач има опсег на детекција од 13,5 километри. Вооружената станица е опремена со сензори со високи перформанси за собирање податоци и обезбедување на свесност за ситуацијата од 360°. Вградените алгоритми базирани на вештачка интелигенција (artificial intelligence - AI) можат да обработуваат податоци за откривање, идентификување, лоцирање и проценка на заканите. „Cockerill i-X“ може да работи во тандем со системи во други возила за да споделува податоци и со тоа да го поддржува донесувањето одлуки на бојното поле. Паметниот шлем „Cockerill® Smart Helmet“ што го носи операторот овозможува интеракција човек-машина. Интерфејсот е опремен со интелигентен мултимодален мотор кој ќе го намали когнитивното оптоварување на операторот. Оперативниот интерфејс базиран на VR за куполата што е прикажан на шлемот, кога го носи шлемот, операторот со вооружувањето ќе има поглед од 360 степени на околината што го опкружува возилото со помош на вградените камери. Возилото се одликува со технологија за спојување на податоци со повеќе сензори за комбинирање на податоците од вградената вештачка интелигенција, камерите и сензорите. Додека шлемот е во развој, сегашните прототипови веќе вклучуваат автоматско откривање и класификација на заканите со помош на вештачка интелигенција што ги развива компанијата. Возилото „Cockerill i-X“ од 4 тони е направено од

| Спецификациите кои досега ѝ беа познати на јавноста за ова ново борбено возило се следниве: | |
|---|---|
| Производител | John Cockerill Defense |
| Тип на возило | Stealth land vehicle |
| Бруто-тежина | 4 тони |
| Должина | / |
| Широчина | / |
| Висина | / |
| Ground clearance | / |
| Посада | 2 лица |
| Мотор | термички мотор, 800 кс или хибридно-електричен мотор, 750 кс |
| Автономија на опсег | 600 km |
| Воздушен транспорт | воени авиони „C130“ и „A400M“ |
| Оклопна заштита | Ballistic: Level 2 STANAG 4569, Anti-mine: Level 3 STANAG 4569 |
| Оперативен дострел | 600 км |
| Вооружување | 25mm, 30x113mm, Anti-tank Missiles, Rockets |
| Максимална брзина на пат | 200 km/h |
| Совладување на наклон | / |
| Совладување на страничен наклон | / |
| Совладување на ров | / |
| Совладување на вертикална препрека | / |
| Совладување на водена препрека | / |

Оклопното возило „Cockerill i-X“ може да биде вооружено со оружје како што се противтенковски проектили и ракети.




композитни материјали од јаглеродни влакна произведени од „John Cockerill“ и се напојува со една од двете опции на моторот: целосно термички мотор со 800 КС или хибридно-електричен мотор со 750 КС. Погонскиот склоп му овозможува на возилото да постигне големи брзини на патот и надвор од патот. Возилото може да постигне максимална брзина на патот од 200 km/h и брзина на патеката во пустина од 160 km/h. Тој има автономија на опсег од 600 километри, додека досегот во целосно електричен режим се очекува да биде 30 километри. Може да забрза од 0 км/ч до 100 км/ч за шест секунди. Има растојание на сопирање од 40 m при 100 km/h. Возилото е опремено со вградени приклучоци (дигалки) за извлекување од мек песок.

Тековната верзија на „Cockerill i-X“, што е слична по големина на спортско корисно возило „Utility“, е доказ за концепт што се справува со празнината на пазарот на лесни оклопни возила кои имаат дизајн со отворена кабина, што може да ги остави нивните екипажи ранливи на животната средина и на дојдовните закани. За разлика од намената на претходните генерации на оклопни возила, кои се со намена повеќе за да ги испорачаат луѓето да одат да направат нешто, оваа генерација оклопни возила има цел да ги задржи луѓето во возилото и да ја извршат мисијата од возилото со огнената моќ што ја носат со себе. „Cockerill i-X“ се планира да биде едно од најнапредните возила од следната генерација, поагресивен и подобро заштитен, оклопниот транспортер ќе биде модерно возило со високи перформанси, добро приспособен на сегашните и идните оперативни обврски, како еден од првите пресретнувачи на површината на земјата. Според изјавите на официјалните лица на компанијата за време на јавното прикажување на возилото, после ова ништо повеќе нема да биде исто.

Идриз Идризоски



# Портјанки
# Руска замена за чорапите

Не е целосно воена тајна, но руската армија ретко, или речиси никогаш не носела чорапи. Руските војници во последните три века ги завиткувале стапалата со парчиња од ткаенина, наместо да носат чорапи. Објала (еднина: објало) биле завивки, односно навои на нозете во вид на чорапи. Преку објалата се обувале обувки. Тие биле воведени од Петар Велики (1672 – 1725), кој ја зел идејата од холандската армија по посетата на земјата

Објалата, наречени портјанки според холандското име, руските војници ги noселе од времето на царот Петар Велики, а руската војска ги заменила со чорапи на почетокот на 2014 година. Портјанките, четвртасти парчиња од ткаенина, биле стандарден дел од опремата на руските војници уште од 17 век, а ги носеле во секоја војна. Во суштина, Портјанките не се многу сложени, но се корисни. Во зима се користеле Портјанки од фланел, а во лето од памук. Поевтини биле за производство, лесни за перење и сушење и немало потреба да се изработуваат во различни големини. Единствен проблем бил што требало правилно да се наместат. Имено, лошото завиткување на Портјанките околу стопалата доведувало до тешки плускавци. Затоа, тоа било дел од обуката во руската војска, а целта била војниците да се научат да ги завиткаат околу стапалата за дваесетина секунди. Портјанките се менувале секои седум дена и веднаш потоа се переле на 100 степени Целзиусови. При крајот на Втората светска војна, американските војници наишле на нешто што им било тешко да го разберат. Додека американските војници, и практично сите сојузнички војници, користеле чизми со врвки и долги чорапи на нозете, советските војници носеле нешто сосема поинакво. Советските војници ги ставале нозете во долги кожни чизми без врвки. Но, не со чорапи. Наместо тоа, тие користеле парчиња ткаенина. Тоа биле обвивки за стапалата, или Портјанки како што ги нарекувале советските војници, и во суштина тоа биле големи правоаголни парчиња ткаенина што внимателно се завиткувале околу секое стопало. Обвивките имале иста улога како и чорапите, кои иако денес ги земаме здраво за готово, порано се сметале за луксузен предмет резервиран за богатите. Ова било особено точно пред индустриската револуција, бидејќи во тоа време чорапите се произведувале рачно. На руските војници им биле издавани едноставни остатоци од ткаенина. Логиката на обвивките на стапалата во однос на чорапите е едноставна: ако минимално парче ткаенина функционирало во минатото - не само што било доволно, туку придонело и за добивање војни - тогаш зошто да се променат? Сепак, тие не биле толку едноставни како навлекувањето на чорапи. Морале да бидат внимателно и цврсто завиткани околу стапалото и глуждот. Усовршувањето на техниката

барало вежбање. Ако војниците не го правеле тоа вешто и брзо, тогаш не само што би биле казнети за нивната бавност, туку би платиле и во форма на плускавци и интензивна болна непријатност. Портјанките се користеле со векови. Секоја руска војска, почнувајќи од времето на Петар Велики, тргнувала во битка со нив, а не со плетени чорапи. Имало летни и зимски портјанки – памучни за топло време и од фланел за студено време. Во теорија, завиткување на платно околу стапалото дава поголема поддршка на стапалото отколку плетените чорапи. Промената на стегнатоста овозможува конечно приспособување, а заробувањето на сувиот воздух во обвивките помога да се изолира стапалото, одржувајќи го топло и суво. Како и да е, сето ова не важи кога обвивките ќе се навлажнат или од пот (најверојатно) или ќе се натопат од дожд и снег. Технички, влажната обвивка околу стапалата може да се премота со сувиот дел до ногата, меѓутоа, во практична смисла, можноста тоа да се направи во услови на борба во ровови била доста непрактична.

Руските војници традиционално носеле долги чизми. Тоа биле потполно затворени чизми и спречувале испарување на потта. Традиционалните волнени чорапи брзо се натопувале и гниеле, така што крпата за нозе била умерено подобра. Чорапите биле достапни за војниците, но било полесно да се исушат ленти од ткаенина преку ноќ отколку волнените чорапи. Ова не ги спречувало семејствата да плетат чорапи за војниците на фронтот, бидејќи домашните чорапи за борба против суровата клима биле добредојдени. Обувките ја



Рис. 72. Обвертывание правой ноги.



Рис. 73. Обвертывание левой ноги.

заглавуваат потта и бактериското распаѓање на потта предизвикувало смрдеа на неиспраните обвивки и тоа станал извор на перверзна гордост за војниците. Вообичаен мит бил дека руската армија е непобедива токму поради непријатниот мирис на нивните крпи за нозе и дека токму портјанките помогнале да се победат императоротНаполеон и Адолф Хитлер во нивната намера да ја освојат Русија.

Службата во руската армија за млад човек бил период поврзан со неколку ритуали и традиции. Една од нив била и носењето на портјанките, односно на две парчиња ткаенина што војниците ги користеле наместо чорапи. За рускиот цар, портјанките биле само уште една ставка за да направи руската армија да изгледа поевропска. Времето минувало и царевите исчезнале, но портјанките останале со руските и советските војници низ нивната историја. Идните војници биле заплашувани со портјанките уште пред да бидат повикани на служба: „Кога ќе ги виткате портјанките околу нозете, тогаш ќе сфатите дека животот е една тешка работа“. До 2008 година портјанките биле носени со високи и мошне тешки секојдневни чизми наречени „сапоги“, уште еден симбол на советските вооружени сили. Обично било потребно време за да се навикнат на оваа тешка обувка и со портјанки внатре. Ставањето на оваа „опрема“ било првото нешто што регрутите морале да го научат на почетокот на својата воена кариера. Првиот месец, целиот процес обично бил тортура - војникот чувствувал како нозете му се потат и го болат, но потоа сфаќал дека технологијата на портјанките не е толку тешко да се совлада. Сè што требало војникот да направи било да го рашири парчето ткаенина рамно на подот; да ја стави ногата поблиску до работ на ткаенината и да го завитка работ околу палецот (левата нога треба да биде поблиску до левиот раб, а десната нога до десниот), а потоа страната





на портјанката да ја завитка цврсто околу стапалото. Потоа требало да го земе задниот дел од портјанките и цврсто да ја завитка околу ногата и да го повлече го работ за да ја приспособи затегнатоста и да ја завитка зад остатокот од ткаенината. И, на крај, требало да ги навлече чизмите.

Најважниот аспект е тоа што портјанките можат да се носат само ако се цврсто завиткани. Ако војникот не ја следел постапката точно, можел да ги повреди нозете и да добие болни плускавци. Друга важна работа што требало да се научи била да се стават портјанките што е можно побрзо. Регулативите на советската армија барале војниците да се облечат за 45 секунди. Тоа значело дека секој од нив имал само 15 секунди да ја облече униформата, 20 секунди да ги облече своите портјанки и 10 секунди за да се приклучи на формирањето на неговиот вод. Војникот морал уште одвечер да ги стави чизмите пред спалната и да ги завитка портјанките околу нив само за да се проветрат. Шестиот ден, станувало потешко – испотениот мирис навлегувал длабоко во портјанките и било невозможно да се ослободат од него. Седмиот ден војникот го добивал својот неделен туш и нов пар портјанки. Ги фрлал старите без жалење – за некои овој ритуал значел дека поминала уште една недела во службата и дека крајот на воениот рок бил сè поблиску. Старите портјанки биле перени на температура од 100 Целзиусови степени, со што биле уништувани сите опасни бактерии.

Објалата се користеле и во други војски и релативно долго се задржале во употреба. Во поранешната ЈНА биле познати под името „шуферици“ (од германскиот збор „schuh“, што значи чевел и „fetzchen“: крпа) и се задржале во употреба до крајот на 1960 година. Во Источна Германија се задржале во употреба до 1968 година, во Финска до 1990 година, во Украина до 2004 година, а во Русија до 2010 година. Парчињата ткаенина за завиткување на нозете, изработени обично од памук или волна, биле со различна големина, а некаде определени и со стандарди. Настојувањето за промена во руската армија дошла од министерот за одбрана, Анатолиј Сердјуков, кој претходно поттикнал промени во воените униформи пред да ја преземе функцијата, а модниот дизајнер Валентин Јудашкин бил вработен за да создаде нови воени униформи. Долгите чизми, исто така, биле заменети со чизми со врвци, слични на оние што се носат во САД.  Во 2013 година, рускиот министер за одбрана Сергеј Шојгу го окончал преминот од портјанки во чорапи, така што била завршена старомодната практика еднаш засекогаш. Сепак, колку и да не ги сакале, денес, сè уште многу луѓе во селата, ловци и работници, и понатаму носат портјанки.

Александар Стојчевски





# Автоматски лансер на гранати „SSW40“

На 15 јуни на саемот за наменска индустрија „Eurosatory 2022“, одржан во Париз, Франција, германската компанија „Rheinmetall“ за првпат официјално го претстави автоматскиот лансер на гранати SSW40 (**S**quad **S**upport **W**eapon **40**). Ова моќно огнено оружје е со облик на автоматска пушка, односно наменето е за дејство од рамо, а според неофицијални извори има должина од околу 81 cm, а празно поседува тежина од околу 4,5 kg. Оружјето е проектирано што неговото полнење може да се изведува со помош на метални рамки за муниција во кои ќе се вметнуваат НАТО гранати 40x46 mm со мала брзина на движење и гранати 40x51 mm со средна брзина на движење. Благодарение на гранатите со средна брзина, балистичката траекторија на проектилот е поправолиниска и овозможува ефикасен дострел од 900 m. Користењето на ваквите гранати е овозможено благодарени на вградениот систем за намалување на отскокот (трзнувањето на оружјето при дејство) и самостојниот регулирачки систем за намалување на отскокот. Инаку, за оружјето е развиена палета на гранати од 40 mm и тоа: високоексплозивна-фрагментациона (HEFRAG16), противтенковска (HEDP16), граната за пробивање врати (HEBE14), граната со програмабилна боева глава за експлодирање во воздух (HEAB), гранати за тренинг (TRM и TRM-T), за осветлување, за задимување, хемиски гранати (со солзавец) и звучно-светлечка (шок) граната за зашеметување. Благодарение на повеќето шини поставени на оружјето, истото може да се опреми со ласерски нишански системи, нишански балистички компјутери и ИЦ-програмирачки нишански системи за користење на граната со програмабилна боева глава.

Ивица Дамески



# Самоодна хаубица „ЕВА“ 155 мм

Самоодната хаубица „ЕВА“ 155 мм настанала како резултат на потребата за развој на нова, самоодна и мобилна хаубица која ќе ги замени и ќе ги наследи веќе постоечките влечни хаубици и ќе одговори на предизвиците во делот на огнената поддршка, пред сè за потребите на армијата на Словачка, а потоа и за потребите ширум светот



Самоодната хаубица „ЕВА“ 155 мм е развиена од „KONŠTRUKTA-Defence“, а за прв пат е презентирана во 2015 година. „KONŠTRUKTA-Defence“, „Excalibur Army“ и „Tatra“ во заеднички проект развиваат нова верзија на хаубицата, монтирана на осовремена шасија 8x8 „Татра“. Системот може да се монтира и на шасија 6x6. Хаубицата, со користење на муниција од типот ERF-BB, може да достигне дострел од 41 километар. Дизајнот на оваа хаубица е базиран на самоодната хаубица „SpGH ZUZANA 2“. Хаубицата поседува комплетна оклопна заштита за послугата и борбениот комплет на муниција од пешадиско вооружување и шрапнели, а зголемена е и отпорноста на самата платформа во делот на заштита од нагазни мини. Високата ефикасност на „ЕВА“ 155 мм е постигната со карактеристиките и развојот на следниве системи: Балистичкиот систем се базира на цевка 155 мм, со должина од 52 калибри, зафатнина на барутната комора од 23 литри со двокоморна гасна кочница со висока ефикасност. Барутната комора е развиена на основа на самозатворање со револверски систем на носач на топовски каписли. Развиени се и современи моноблок барутни полнења со согорливи чаури. Балистичкиот систем овозможува и користење на сите видови на НАТО-артилериска муниција 155 мм. Овој систем има високо ниво на мобилност со максимална брзина од 80 до 100 км на час на добри патишта и од 25 до 40 км на час на макадам. Камионот поседува автоматска регулација на притисокот во пневматиците во зависност од теренот. Големата мобилност му овозможува брзо запоседнување на огнените позиции. Без разлика на тежината „ЕВА“ 155 мм може да се транспортира со авиони „Airbus A-400M“, „McDonnell Douglas C-17 Globemaster III“, „Ilyushin Il-76 Candid“ и останати авиони од таа класа, со железнички транспорт и по поморски пат.

Во делот на хидрауликата на системот воведен е хидрауличен систем за прицврстување на цевката при движењето кој се состои од двокрак преклопувачки лафет со вградени амортизери. Со него може да се управува од контролната станица на страничниот дел на системот. Цевката на орудието, со помош на хидраулика, се движи по правец и по висина, така што се добива на време за подготовка на орудието, со што брзината и ефикасноста на огнот значително се зголемува.

Автоматското полнење овозможува роботизирано доведување на проектилот и барутното полнење на линијата на полнење и нивно потиснување и внесување во лежиштето и барутната комора. Со тоа се намалува физичкото оптоварување на послугата и се постигнува поголем ефект и брзина на стрелба од 6 проектили за една минута. Системот за автоматско полнење има по 12 проектили и полнења од десно и лево и 12 проектили и полнења сместени во модуларен дел позади кабината.

Системот за управување и софтвертскиот дел на хаубицата се компатибилни со современите артилериски орудија. Покрај системот за автоматско движење и наведување на орудието, истото има можност и за механичко придвижување на цевката. Поседува способност за гаѓање што се нарекува MRSI (Multiple Round Simultaneous Impact). Принципот и специфичноста на истото е тоа што од иста цевка, односно од една хаубица се истрелуваат повеќе проектили под разни елевации на цевката, почнувајќи од поголема елевација кон помала. Крајната цел и посакуваниот ефект кој, пред сè, е ефект на изненадување за непријателот, е тоа што сите проектили би паднале во исто време на целта.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „ЕВА“ 155 мм | |
|---|---|
| Послуга | 3-4 |
| Калибар на цевката | 155 mm |
| Начин на работа | Автоматски, полуавтоматски и рачен |
| Должина на цевката | 52 калибри |
| Дострел | 41 km (со проектил ERFB-BB)<br>>50 km (со проектил VLAP) |
| Тежина на орудието | 28,1 t |
| Должина | 11500 mm |
| Ширина | 2550 mm |
| Висина | 3280 mm |
| Послуга | 1+5 |
| Хоризонтално поле на дејство | лево 30 степени, десно 30 степени |
| Вертикално поле на дејство | од -3,5 до +75 степени |
| Брзина на гаѓање | 5 проектили за првата минута (или можност за истрелување на 9 проектили за 2 минути) |
| Температурен опсег на работа на сите потсистеми на орудието | од -25C до +55°C |
| Потребно време за премин од маршевска во борбена положба | 120 секунди |
| Потребно време за премин од борбена во маршевска положба | 60 секунди |
| Најголем надолжен нагиб | 50% |
| Најголем попречен нагиб | 20% |
| Водени пречки | 1 m |
| Вертикални пречки | 0,5 m |
| Брзина на движење на добри патишта | од 80 до 100 km/h |
| Брзина на движење на земјени патишта – теренски услови | од 25 до 40 km/h |
| Радиус на движење | 700 km |
| м/в и мотор | „Tatra T3C-928.90 Euro3“, со воздушно ладење, турбополнач, 300 kW/1,800 вртежи во минута, или 2,100 Nm/1,000 вртежи во минута. Рачен менувач. |
| Шасија | „Tatra T815-7“ 8×8 |



# „Grumman F6F Hellcat“

## Вовед

Во раниот период од Втората светска војна, силите на Оската, особено Германија и Јапонија, забележале значителни победи кои биле мошне заслужни поради визионерскиот напредок во технологијата. Германската војска инкорпорирала нови доктрини и тактики кои денес сè уште се употребуваат. Технолошките пронајдоци во германската одбранбената индустрија за време на војната помогнале светот да напредува и да еволуира низ годините по завршувањето на Втората светска војна. Покрај Германија, денес сите знаеме што значи јапонски производ. Како еден од најдобрите изуми и креации на Јапонија за време на Втората светска војна бил авионот „Mitsubishi A6M Zero”. Овој воздухоплов претставувал страв и трепет за сојузничките авиони. Неговиот дострел, вооружување и маневрирање биле нешто за коешто Западот немал соодветен одговор, сè до појавувањето на американскиот авион „Grumman F6F Hellcat”. Со производството на овој воздухоплов Соединетите Американски Држави добиле предност во оперативните дејствувања на Пацификот. Авионот бил помеѓу најзалужните фактори за промена на тежиштето во пацифичката војна. Американците преминале во офанзива, бркајќи ги јапонските вооружени сили низ целиот Пацифик, ослонувајќи се врз воздушната доминантност која била причининета од „Grumman F6F Hellcat”.

## Дизајн

Можеби една од најдоминантните причини за покренување процес на производство на нов авион е потребата за замена на стандардниот авион на американските воздухопловни сили во Пацификот „F4F Wildcat”. Овој воздухоплов се покажал како веродостоен противник на раните јапонски ловци, меѓутоа бил драстично инфериорен во споредбата со јапонскиот бисер на небото – одличниот „Mitsubishi A6M Zero”. За таа цел, копанијата „Grumman” започнала со работа на креирање наследник на „F4F Wildcat” уште во 1938 година. Договорот за производство на првиот прототип на новиот „XF6F-1” бил на 30 јуни 1941 година. На почетокот од 1942 година, Лироj Груман и неговите главни дизајнери, Џејк Свирбул и Бил Швендлер, започнале интензивна и тесна соработка со Бирото за аеронаутика на морнарицата на САД. Оваа соработка, исто така, вклучувала и искусни пилоти на авионот „F4F Wildcat”. Придонесот на пилотите бил скапоцен. Тие имале директни конфронтации со јапонските пилоти на „Mitsubishi A6M Zero” и ги познавале сите предности и недостатоци на јапонскиот ловец. Имено, тесната соработка придонела искусните пилоти да издадат директни побарувања од главните дизајнери на компанијата „Grumman”, пилотската кабина на новиот воздухоплов, да биде лоцирана високо на централанта воздушна конструкција. За таа цел, предната воздушна конструкција на новиот авион била нагло закосена. Ова обезбедило голема прегледност за пилотот, нешто што претставувал проблем за „F4F Wildcat”, претходникот на „F6F Hellcat”. Било предвидено авионот да биде придвижуван од мотор „Wright R-2600 Twin Cyclone”, кој имал 14 цилиндри распоредени во два реда, со можност за развивање на 1700 коњски сили. Било предвидено моторот да придвижува пропелер „Curtis Electric” со три перки. Можеби најголемата промена или, подорбо кажано разлика од „F4F Wildcat”, била во механизмот за слетување, односно во конструкцијата и механизмот на тркалата. „F4F Wildcat” имал тркала со тесно тежиште, во непосредна близна едно со друго. Нивната ретракција и екстракција била во форма на жабји нозе и оперирано рачно од страна на пилотот со помош на рачка во пилотската кабина. Само поради начинот на нивниот дизајн, крилата на „F4F Wildcat” биле сместени на средна висина на воздушната конструкција на авионот, класифицирајќи го авионот како среднокрилец. Тркалата целосно

се повлекувале во централната воздушна конструкација на авионот, а не во крилата. Наведената конструкција предизвикувала многу нестабилност и несреќи, особено при слетување на носачот на авиони. Тркалата на новиот авион „F6F Hellcat” биле дизајнирани на пошироко растојание и со поцврста конструкција. Нивната екстрацкија и ретракција била автоматска, со помош на хидраулична механизација која ги ротирала тркалата 90 степени во насока кон задниот дел од крилото, пред комплетно вовлекување во воздушната конструкција на крилата. Самата конструкција на тркалата била со вградени панели кои при вовлекување на тркалата овозможувале 90-процентна покриеност на тркалото што, пак, овозможувало подобро аеродинамичко струење, а со тоа и помал воздушен отпор. Оваа конструкција овозможувала стабилност, ригидност и сигурност во управувањето на авионот. Исто така, начинот на дизајнираните тркала овозможувал ниска поставеност на крилата во однос на централната воздушна конструкција. Крилата биле дизајнирани за „свиткување“ или за прекршување, со цел добивање на ефикасне простор во носачите на авионите. Прекршувањето можело да се активира автоматски, со хидраучична механизација, или рачно. По првите впечатоци од прототипот „XF6F-1”, пилотите кои соработувале со дизајнерите на „Grumman” заклучиле дека авионот има потреба од поголема моќ, односно помоќен мотор. За таа цел, во април 1942 година, „Grumman” започнал со редизајнирање, со цел создавање на нова поригидна и моќна воздушна конструкција за новиот мотор „Pratt & Whitney R-2800”, кој имал 18 цилиндри и можност за развивање на 2000 коњски сили. Моторот, исто така, придвижувал и нов пропелер „Hamilton Standard” со три перки. Авионот бил именуван како „XF6F-3” и неговиот генерален перформанс бил за 25% подобар од прототипот „XF6F-1”, што набрзо придонело за официјализирање на првиот борбено способен модел на „Hellcat” под ознаката „F6F-3”. Првата единица која била опремена со овој авион била „VF-9”, која служела на носачот на авиони „USS Essex”. Авионот започнал со борбени операции во февруари 1943 година. Во текот на борбеното распоредување, авионот добивал константни надградби и подобрувања. Тој имал околу 100 килограми оклопно железо, лоцирано во пилотската кабина, како и околу резервоарот за масло и ладилникот на маслото. Авионот, исто така, имал резервоар за гориво, лоциран во централната воздушна конструкција со капацитет од 950 литри и можност за самозапечатување во случај на директен погодок од непријателот. Имено, „F6F” бил дизајниран со висока претпазливост за сигурноста на пилотот. Големо внимание било посветено на безбеноста на пилотот, при што било познато дека авионот бил создаден да го однесе пилотот во жарот на борбата и безбедно да го врати дома. Главното вооружување на авионот се состоело од шест митралези „M2/AN Browning” со калибар од 12.7 милиметри, со 2400 парчиња муниција. Авионот имал и носач за надворешен резервоар за гориво со капацитет од 570 литри, лоциран под централната воздушна конструкција. Тој имал способност и за монтирање на два дополнителни носачи на бомби,

| **Главни карактеристики на „F6F-5 Hellcat”** | |
|---|---|
| **Екипаж** | 1 |
| **Должина** | 10,24 метри |
| **Распон на крила** | 13,06 метри |
| **Висина** | 3,99 метри |
| **Мотор** | Еден „звезда“ мотор „Pratt & Whitney R-2800-10W Double Wasp” со 18 цилиндри и способност да развие 2200 коњски сили |
| **Максимална брзина** | 629 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 1521 километри |
| **Максимална висина на летање** | 11.400 метри |



лоцирани под крилата помеѓу тркалата. Вкупната тежина која авионот можел да ја носи била 900 килограми, поголем капацитет дури и од некои бомбардери за тоа време. Подоцнежните варијанти имале способност и за носивост од 6 ракетни проектили со калибар од 127 милиметри. Имено, една од подоцнежните активни варијанти на „F6F” била верзијата „F6F-5”. Оваа варијанта била придвижувана со нов мотор „Pratt & Whitney R-2800-10W”, способен за водно инјектирање кое, пак, овозможувало периодично подобрување на моторниот перформанс. Новата варијанта имала и управувачки алерони изработени од подобар квалитет, како и подобрена пилотска кабина со модерен и софистициран оклоп на стаклото. Она што е најистакнато кај оваа варијанта е способноста за модифицирање на вооружувањето. „F6F-5” имал способност да носи комбинација од два топа со калибар



од 20 милиметри и четири митралези со калибар од 12.7 милиметри. Митралезите биле „хранети“ со по 400 парцињa муниција по митралез, додека топовите биле „хранети“ со по 220 парчиња муниција по топ, меѓутоа пилотите ја преферирале стандардната вооружувачка комбинација на авионот од 6 митралези. Варијантата „F6F-5” била призведена во 7870 примероци. „F6F Hellcat” демонстрирал супериорни карактеристики од својот главен непријател, јапонскиот „Mitsubishi A6M Zero”. Тој бил побрз на сите висини и имал побрза стапка на искачување на поголема висина од 4000 метри. „Hellcat” имал побрзо кружно маневрирање при лет, со брзина поголема од 370 километри на час. Во ноември 1943 година, над островот „Tarawa”, кој бил окупиран од јапонските вооружени сили, американските пилоти на „F6F Hellcat” собориле 30 јапонски „Mitsubishi A6M Zero” на сметка на еден соборен „Hellcat”. Авионот бил лесен за одржување, лесен за производство и што е најважно, бил подобар од сѐ друго што имал јапонскиот непријател да понуди на небото. Тој бил клучен фактор во преземањето на диктирачката улога во развојот на борбените дејства во пацифичкиот сектор за време на Втората светска војна. Многу американски пилоти преферирале да летаат во „F6F Hellcat” наместо во новиот и побрз „F4U Corsair”, бидејќи се чувствувале побезбедно. Првите асови во Пацификот биле стекнати летајќи токму на „F6F Hellcat”. Американската визија за надминување на јапонската доминација во воздухопловната индустрија за време на Втората светска војна била успешна. Несомнено е дека американсаката морнарица располагала со авион што имал одлични карактеристики, кои овозможувале уште подобри борбено-статистички резултати.

Димитар Даневски

## ВАРИЈАНТИ

**„F6F-3 Hellcat”**

Оваа варијанта била првичната варијанта врз која авионот ги демонстрирал своите супериорни карактеристики, но воедно и својот потенцијал за натамошно позитивно надградување. Оваа варијанта претставувала ловец-едносед придвижуван од мотор со способност за развивање на 2000 коњски сили и располагала со вооружување од шест митралези со калибар од 12.7 милиметри.

**„F6F-5 Hellcat”**

Оваа варијанта е можеби најсовршената варијанта на „F6F”. Сите недостатоци кои биле минорни во претходната варијанта биле отстранети. Авионот имал нов изглед на воздушна конструкција во пределот на моторот. Ова било неопходно бидејќи оваа варијанта била придвижувана од помоќен мотор кој можел да развива 2200 коњски сили, чија големина предизвикула потреба од промена на моторното лежиште во воздушната констуркција. Авионот, исто така, имал ново софистицирано и модерно оклопно стакло на пилотската кабина кое овозможувало поголема заштита за пилотот. Меѓу другото, авионот имал нови софистицирани флапови, алерони и кормило, кои се основа во давањето насока на авионот.






# Платформата за вештачка интелигенција на „FedLearn“

„FedLearn“, провајдер на онлајн-образовни услуги, фокусиран на областите на мисијата на федералната влада, објави дека Главната канцеларија за дигитална и вештачка интелигенција во Пентагон ќе ја тестира платформата за учење, базирана на вештачка интелигенција на компанијата



Според условите на договорот за „други трансакции“, Главната канцеларија за дигитална и вештачка интелигенција ќе презема 90-дневен прототип на демонстрациски проект кој го користи учењето на FedLearn-вештачка интелигенција, платформата за учење , која ќе се спроведе помеѓу избраната група учесници во Министерството за одбрана на САД. Ова е прв пат Одделот за одбрана да обезбеди обука за користење на технологијата на „FedLearn“ преку рачно искуство за обука на вештачка интелигенција. Учесниците ќе ја искусат вештачката интелигенција преку процени на учесниците во реално време за да утврдат дали разбираат онлајн-содржина на лекцијата и колку се ангажирани со материјалот. Договорот за проектот беше доделен преку системот „Tradewind“ од страна на Командата за договор на Армијата – Rock Island, во име на Главната канцеларија за дигитална и вештачка интелигенција . Не беше откриена вредноста на договорот. „FedLearn“ има чест да го поддржи Одделот за одбрана во нејзиниот обид за подготвеност на работната сила за вештачка интелигенција до 2025 година. „Преку овој пилот-проект со нетрпение очекуваме да го прикажеме нашето уникатно решение како платформата може да помогне да се забрза усвојувањето на ценатa на одделот, ефективно во поддршка на успехот на мисијата.“, рече основачот на „FedLearn“ и извршен директор Кит Данбар. Главната канцеларија за дигитална и вештачка интелигенција достигна целосна операција за реализација на сето ова на 1 јуни оваа година, околу шест месеци откако заменик-секретарот за одбрана, Кетлин Хикс, го објави и постави временска линија за засилување. Канцеларијата постигна почетна оперативна способност за почеток на проектот. Главната канцеларија за дигитална и вештачка интелигенција е поставена како надгледувач, експедитор и овозможувач на вештачката интелигенција, опфаќајќи ги и заедничкиот центар за вештачка интелигенција, одбранбениот дигитален сервис и платформата за интеграција на податоци и системи. Канцеларијата ја управува стратегијата и развојот на политиката на Одделот за одбрана за вештачка интелигенција, податоците и анализите, како и инфраструктурата за целосно искористување на Одделот и на технологиите во време на меѓународна конкуренција.

м-р Зорица Стојкова




# Аеромитинзи

Воздухопловните приредби или манифестации, кај поширокaта публика познати и како аеромитинзи или аероденови, секогаш биле центар на случување и место на внимание насочено кон небото, како за младата така и за повозрасната популација.

Аеромитинг во основа претставува организирана јавна воздухопловна приредба која се реализира во рамките на аеродромска или друга пригодна воздушна зона или соодветна површина. На приредбата се прикажуваат различни видови воздухоплови, со или без опрема, а притоа се манифестираат лични, поединечни или групни авијатичарски вештини. На нив може да се видат различни видови воздухопловни и ракетни модели, авиони од различни категории и за различни намени, воздухопловни едрилици, лесни летала, самоградби и падобрани за различни намени.Такви манифестации се одржувале уште во времето на создавањето на авијацијата, а ќе останат да „живеат“ уште многу долго. Циклично, на самите почетоци на деветнаесеттиот век, тие се одржувале со цел да се прикажат можностите на создадените летачките „справи“ за освојување на воздушниот простор, за подоцна, на нив да се демонстрираат воени надмоќности на авионите, авијатичарите и леталата. Подоцна, тие се одржувале како манифестации на кои биле истакнувани пилотските и падобранските вештини, а преку нив се создавал интерес за привлекување и мобилизација на нови


Број 6325

**Авијатичарски дан у Скопљу**

— Јуче је у Скопљу изведена успела авијатичарска манифестација. — За скок са падобраном пријавила се и једна жена. —

воздухопловни кадри. Од тие причини, поголемиот број аеромитинзи од минатите времиња биле одржувани под наводна организација на тогашните аероклубови. Продолжетокот на одржувањето на ваквиот вид митинзи, сè до денес, е со истите цели, но во нови времиња и со нови технолошки и пилотски достигнувања. Според некои веродостојни записи, може да се заклучи дека струмичани и околното население биле првите посетители на некаква воздухопловна приредба на македонскиот простор. Настанот бил именуван како „авијатичарски ден“, со место на случување на леталиштето лоцирано на источната страна на градот Струмица, на патот кон Ново Село. Настанот бил организиран кон крајот на дамнешната 1925 година. На него биле претставени неколку воени аероплани, главно од типот „Бреге“, прелетани или привремено распоредени на ова леталиште. За овој посебен настан долетал и скопскиот цивилниот аероплан од типот „Кодрон“, чии можности ги демонстрирал пилотот Михајло Јарошенко.
Првиот официјално организиран аеромитинг на овој наш простор се

организирал во Скопје. На него биле присутни голем број гости, како и посетители од градот и од поширoката македонска територија. Бил одржан кон крајот на 1926 година. На него, пред посетителите и високите државни министри и чиновници биле прикажани повеќе видови воени авиони и единствениот цивилен аероклупски авион. Покрај тоа, на него биле прикажани и првите падобрански скокови на просторот на македонската територијата (тогаш именувана Вардарска Бановина), во состав на некогашната кралска држава. Ова бил прв пат, посетителите на аеромитингот да имаат можност, од близу, да ги видат чудесните изградени „птици“ именувани како аероплани и авијатичарите - пилотите кои управуваат со нив. Посебно одушевување предизвикале падобранските скокови при кои посетителите биле уверени дека на падобраните не „висат“ врзани кукли туку вистински луѓе. Тие одушевувачки скокови ги направиле: капетанот-пилот Новак, од скопската ескадрила; поручникот Шуменковиќ од ескадрилата од Нови Сад; пилотот Керчик и поднаредникот Александар Трајковиќ од скопската ескадрила.



После вака реализираниот успешен аеромитинг, на овој наш македонски простор, речиси секоја година се одржувале некакви воздухопловни манифестации или приредби. Со оглед на нивното значење и интерес, тие не биле концентрирани само во Скопје, каде што бил лоциран 3. воздухопловен полк, туку и низ останатите градови и населени места. Се одржувале, главно, во населени места каде што имало или биле во фаза на формирање аероклубови, кои всушност, биле продолжена рака на тогашната воена авијатика. Веќе следната, 1927 г., одржан е аеромитинг и во Охрид, каде што, исто како и во Струмица, биле прикажани аероплани и пилотски вештини на тогашната кралска авијација. Текот на 1936 г. го обележал голем аеромитинг во Битола. И на него, како и на останатите големи аеромитинзи, биле прикажани голем број авиони и пилотски вештини. Биле демонстрирани фиктивни воздушни борби, гаѓање цели (балони) во воздух, импровизирани слетувања со „изгаснат“ мотор и уште низа други воздухопловни активности. Во месец август, истата година, грандиозен аеромитинг бил реализиран и во Тетово, на кој присуствувале посетители од целата полошка територија.

Често пати, повод за организација на ваквиот вид манифестации бил почетокот или крајот на тогашните аеропландски натпревари. Тие претставувале својевидна организирана „трка“ на воени авиони кои етапно ја минувале речиси целата територија на тогашната кралска држава. Еден таков аеромитинг бил организиран во Скопје, 1939 г., на кој бил прогласен победникот на годинешниот аеропландски натпревар и одржаниот аеромитинг, пилотот-наредник Валеријан Барток. Можеби ќе звучи чудно, но до почетокот на Втората светска војна, скоро секоја година, такви манифестации на овој наш простор се одржувале во тогашните големи градови како: Скопје, Битола, Куманово, Прилеп, Струмица, но не биле изоставени ниту помалите населени места во Тетово, Гостивар, Дебар, Струга, Гевгелија, Велес, Берово и низа други. И, уште нешто. Речиси во сите овие населени места и во нивните околини имало аеродроми или привремени леталишта кои овозможувале ваков вид воздухопловни приредби, наменети за поширокото население.

Но, не само леталиштата, можноста за организација на ваквите воздухопловни манифестации ја овозможувале и самите аероплани кои биле со помали тежини, помали брзини на летање и потребата од покуси полетувачки-слетувачки патеки, односно писти. Притоа, за нивна заштита, или за привремено паркирање, биле користени поголеми шатори или шаторски платна. Токму поради овие причини, на голем дел од спомнатите леталишта – аеродроми во помалите места ширум нашата територија, нема остатоци од градежни објекти кои би сведочеле за постоењето и точната локација на истите.

Според сведоштвата запишани во мојот аеродневник, последниот значаен настан од ваков вид е одржан во Скопје кон крајот на 1940 година. На тој настан, покрај настанот со крштевање на воздухопловни едрилици, организирана е показна воена вежба на која се употребени токму едрилиците како бесшумни летала за напад на непријателска заднина. Вежбата е успешно реализирана, измислениот непријател бил совладан, а многубројната публика била задоволна од демонстрацијата на можностите на воздухопловните едрилици. Сепак, и покрај ваквите публицистички воздухопловни прикази за поширокото население, во воздухот се чувствувал мирисот на барутот од подалечните европски земји, кој го навестувал и почетокот на Втората светска војна.




Ѓорги Чачкиров



# Музејот на пешадијата во „Форт Бенинг“, САД

Поставен на границата помеѓу сојузните држави Џорџија и Атланта во градот Колумбус во воениот тренинг-центар за пешадија „Форт Бенинг“, Музејот на пешадијата опстојува од 2009 година, кога истиот е отворен за јавноста. Пред 2009 година Музејот бил лоциран во старата воена амбуланта на „Форт Бенинг“, но со постојаното зголемување на експонатите се зголемила и потребата за нова локација, така што во 2009 година од страна на поранешниот државниот државен секретар, генералот Колин Пауел, истиот е свечено отворен за јавноста. На простор од околу 17.500м$^2$ се изложени преку 70.000 артефакти кои го опишуваат историскиот пат на американските пешадинци во изминатите 240 години. Музејот годишно го посетуваат преку 300.000 посетители. Музејот на пешадијата во својата надворешност има распоредено три тематски целини. Првата е посветена на глобалната војна против тероризмот. Музејската тематска целина е составена од неколку гранитни плочи во кои се изгравирани имињата на преку 7000 припадници на вооружените сили на САД кои го имаат дадено животот во оваа борба. Покрај ова, во овој дел е изложена и челична греда од кулата број 1 од Светскиот трговски центар. Меморијалниот споменик на Виетнамската војна е втората надворешна тематска целина и истата е насловена „Не сте заборавени – добредојдовте дома“. Спомeникот изработен од црна мермерна плоча ги содржи имињата на преку 58.000 војници кои загинале или се исчезнати во текот на оваа војна. Особено е интересна третата надворешна тематска целина која, всушност, претставува реставрирана четна база за обука, како дел од касарна од периодот на Втората светска војна. Добро познати дрвени објекти за сместување и работа, кои во голема мера биле користени за време на Втората светска војна, во 1990 година се повлечени од употреба, но неколку од објектите се зачувани и изложени во овој сегмент. Кујна, магацин, простории

Музеј посветен на пешадијата, како основен род во секоја војска, музеј кој не ја опишува војната туку е посветен и има мисија да ја раскажува приказната за наследството, честа и искушенијата низ кои поминува обичниот војник-пешадинец низ вековите и низ воените конфликти



за сместување, црква, простории за сместување, како и некогашните командни простории на генералот Џорџ Патон, се дел од оваа поставка. Поставката е поставена наспроти парадното земјиште, кое е уште еден додаток на надворешните поставки. Парадното земјиште, кое се користи за различни воени церемонијални активности, на својата површина има расфрлано земјиште од сите територии каде што американските војници војувале, започнувајќи од Јорктаун, Соисон, Нормандија, Кореја, па сè до Виетнам, Ирак и Авганистан.
При влегувањето во Музејот, веднаш од вашата лева страна се наоѓа продавницата за сувенири и меморабилија. Од десната страна на влезот е поставена кино-сала. Прошетката низ внатрешноста на Музејот започнува со поставката наречена „Последните 100 јарди“. Од самиот влез на Музејот обележани се 100 јарди (90 метри) кои ве водат до споменикот посветен на пешадијата на кој е испишан текстот од пешадиската химна – Следи ме, и овде е прикажана ознаката за пешадијата. Во кружна форма околу споменикот се поставените вредностите за кои се залагаат војниците на пешадијата, како што се : интегритет, безрезервна служба, чест, лојалност, лична храброст, итн. Како што го поминувате низ споменикот, во продолжение на истиот ве води патека која низ неколку диорами се претставени битките на американската војска во Јорктаун, Антитам, Нормандија, Коригидор, Соам-ни, зоната на спуштање X-реј и Ирак. Диорамите се исполнети со уникатни придружни артефакти, на пример диорамата за Нормандија е дополнета со оригинална едрилица користена во војната, диорамата за Виетнам е дополнета со хеликоптер „UH-1“, диормата за Ирак со борбеното возило на пешадијата „Бредли“. Претставените фигури во диорамите не се кукли туку изработени скулптури. Сите диорами се дополнети со музичка позадина и со светлосни ефект. Музејот за овие диорами ја има добиено наградата THEA – „Themed Entertainment Industry Award for Excellence“. На крајот од оваа патека се наоѓа сегмент посветен на „Форт Бенинг“ тренинг-центарот на американската армија за обука на пешадија. Во овој дел на Музејот е сместен и симулаторот за гаѓање каде што посетителите може да се испробаат во своите способности за гаѓање. Скалите кои се наоѓаат на крајот од овој сегмент ве водат во долниот дел од Музејот т.е. делот со галерии. Првата галерија од вашата десна страна е посветена на фамилиите и предизвиците, жртвите и последиците со кои членовите на семејствата се соочуваат, додека нивните сакани се на



задача. Од десната страна на скалите се поставени два симулатори, и тоа еден за возење на „Хамер“ и еден за дејствување со митралези од хеликоптерот „UH 60“. Во централниот дел на халата е сместен простор посветен на околу 1500 добитниците на Медалот на честа. Лево и десно се поставени по три галерии со одделна тематика. Од левата страна се поставени галериите за „Меѓународни фази“, „Обезбедување на нашата слобода“ и „Оклопна и коњаничка галерија“, додека од десната страна се „Светска сила“, „Студена војна“ и „Суперсила“.
На горниот кат од Музејот е поставена халата за школото за офицери. Во овој дел има сегмент посветен на развојот на школото, но и ѕид на славните т.е. место каде се поставуваат слики од слушателите на ова школо, коишто се стекнале со Медал на честа или добиле генералски чин. На истиот кат е и халата посветена на „ренџерите“. Различни колекции на униформи и опрема кои се користат во овие единици се изложени во застаклени витрини, а и во овој дел се поставени слики од над 200 истакнати припадници на оваа единица, кои се истакнале со својата храброст и посветеност.
За време на посетата на Музејот посетителите можат да го посетат и ресторанот „The Fife & Drum“ или продавницата за сувенири каде што може да се купат различни воени предмети и подароци. Музејот ги отвора своите врати за посетителите секој ден, со исклучок на понеделник и за време на национални празници. Влезот во овој музеј е бесплатен, но посетителите најчесто оставаат симболични донации со кои музејот делумно се финансира. Музејот оперира со самоводечни тури т.е. на самиот влез добивате мапа за обиколка во која е опишана секоја поставка и дел од Музејот. Работното време на музејот е од 9 до 17 часот.
Од страна на посетителите Музејот е прогласен за најдобар музеј со слободен влез за 2018 година.

Златко Блажески





# Фрагилните држави и потенцијалот на жените

Во својот извештај за државите и нивната фрагилност за 2022 година, Организацијта за економска соработка и развој (ОЕЦД, изворно OECD), има цел да додаде шеста димензија на постојната мултидимензионална рамка на фрагилност т.е. кревкост – човечката димензија, за да ги измери факторите кои влијаат на реализацијата на благосостојбата и потенцијалот на луѓето. Ова, „фрла нова светлина" врз одлучувачката улога што ја имаат здравјето, образованието и другите човечки фактори врз искуствата на жените и девојчињата во фрагилните државни контексти

Организацијта за економска соработка и развој (ОЕЦД) ја карактеризира фрагилноста, односно кревкоста, како комбинација на изложеност на ризик и недоволен капацитет на државата, системите или заедниците за справување, менаџирање, апсорпција или ублажување на тие ризици. Фрагилноста може да доведе до негативни исходи, вклучувајќи насилство, сиромаштија, нееднаквост, раселување, еколошка, како и политичка деградација. Во моментов, кревкоста се мери на спектар на интензитет и се изразува на различни начини низ економските, еколошките, политичките, безбедносните и општествените димензии, со шеста димензија (човечка) што треба да се додаде во претстојните состојби на фрагилност за 2022 година. Секоја димензија е претставена со 8 до 12 индикатори, односно вкупно 44, и тоа во сите 5 димензии кои ги мерат ризиците и капацитетите за справување со кревкоста. Ивештајот за фрагилност на државите за 2020 година опфаќа 57 земји и територии (во натамошниот текст „контексти"), од кои 13 се исклучително кревки, а 44 се кревки контексти. Рамката ја доловува разновидноста на контекстите кои се засегнати од фрагилноста. Дополнителни информации за секоја димензија и за она што истата поединечно го мери, како и за методологијата за состојбите на фрагилност, можат да се прочитаат на платформата *„State of Fragility"*, креирана во октомври 2019 година. Оваа платформа содржи податоци и докази за состојбите на фрагилност во кревки државни контексти.

### Индекс на човечкиот капитал и родовите разлики

Индексот на човечкиот капитал (изворна кратенка HCI), е мерка на Светската банка која квантифицира како здравјето и образованието придонесуваат за продуктивноста на идната генерација работници. Тој ги нагласува економските придобивки од здравството и од образовниот човечки капитал. Родовиот HCI, во кревки контексти дава податоци за разликите помеѓу идниот економски потенцијал на девојчињата и момчињата, а воедно нуди и влезна точка за анализа на последиците од родовата динамика во човечкиот капитал во однос на човечката фрагилност. Генерално, жените и девојчињата имаат подобри резултати од мажите и момчињата во индексот на човечки капитал, HCI, вклучително и во фрагилни државни контексти. Сепак, јазот меѓу женскиот и машкиот човечки капитал и не е толку голем во кревки и екстремно кревки контексти, што укажува на специфичните бариери што жените во кревките контексти ги искусуваат во развојот на нивниот човечки капитал. Според HCI, на подобрите перформанси на жените влијаат биолошките разлики, како и различните општествени улоги и очекувања за жените и мажите. Некои од елаборациите во овој контекст се следните.

• Поголема е веројатноста машките новороденчиња да умрат пред, за време или по раѓањето и да имаат вродени малформации. Генерално, поголема е веројатноста момчињата да умрат пред да стигнат до 5-годишна возраст, бидејќи постои тенденција тие да се раѓаат со помалку зрели бели дробови. Од друга страна, пак, девојчињата се повеќе отпорни на заразни болести од момчињата. Генерално, поголема е веројатноста момчињата да бидат

понеисхранети од девојчињата, што на пример, е видливо во повисоките стапки на заостанување во раст во повеќето земји, и тоа делумно поради биолошките разлики во подложноста на болести и потребите за енергија.

• На глобално ниво, жените живеат подолго од мажите. Причината за смрт која најмногу придонесува за помал животен век на мажите во однос на жените е исхемичната срцева болест, за која се смета дека жените се биолошки помалку подложно поради повисоките нивоа на естроген. Слично на тоа, и имунолошките фактори може да бидат дел од причината зошто на глобално ниво туберкулозата го намалува очекуваниот животен век на мажите, многу повеќе од очекуваниот животен век на жените.

• Мажите и жените имаат различни занимања. Овој факт може да биде еден од факторите кои придонесуват за поголем ризик од смрт кај мажите.

• Родовите норми на глобално ниво, исто така диференцираат значително повисоки стапки на пушење кај мажите, што го зголемува ризикот од одредени видови на рак, а всушност се третиот најголем фактор што придонесува за родовите разлики во очекуваниот животен век.

Комбинацијата во обликувањето на резултатите од HCI значи дека машките и женските разлики не можат да се читаат како укажување на родова дискриминација, туку се јавува потреба од подетална контекстуална анализа.

### Родовата нееднаквост во Африка: увид од најновиот извештај за Африка за 2021 година

Социјалните институции и родовиот индекс на ОЕЦД (изворна кратенка **SIGI**), кој ја мери дискриминацијата на жените во социјалните институции, потврдува дека жените во Африка се соочуваат со највисоки нивоа на родова дискриминација во светот. Имено, регионалниот извештај на SIGI за Африка покажува дека иако постојат варијации низ континентот, африканските земји покажуваат високи нивоа на дискриминација во динамиката внатре во домаќинството, улогите на грижата, работната средина и штетните практики, како на пример поттикнување на семејното насилство. Сепак, еден од најголемите фактори во родовата нееднаквост во Африка останува да биде дискриминацијата во семејството. Имено, длабоко вкоренетата нееднаква динамика на моќ во домаќинството се рефлектира во правните рамки на многу африкански земји каде што детските бракови се легални, а обичајните и неформалните закони го ограничуваат правото на жената на развод и пристапот до правата на наследство.



Високата преваленца на насилство врз жените го покажува и ограничениот физички интегритет на африканските жени. Една сеопфатна рамка која ги штити жените од сите форми на насилство, вклучително и дома и на работа, на јавни и на образовни простори, осакатување на женските гениталии, не постои во ниту една земја во Африка. Затоа, со оглед на структурната природа на дискриминаторските практики кои продолжуваат да го ограничуваат зајакнувањето на жените, посебно важно е донаторите да продолжат да се занимаваат со родовите нееднаквости во формалните и неформалните општествени институции во Африка. Да бидеме поконкретни, правните мерки кои ги има во многу африкански земји, вклучително и во кревките државни контексти, ја нагласуваат потребата за подобрување на правната заштита на жените и девојчињата, отстранување на дискриминаторските општествени практики и обезбедување ефективно спроведување на овие закони.

Регионалниот извештај на „SIGI 2021" за Африка ја нагласува важноста да се фокусираме на: законите поврзани со детските бракови, наследството, насилство врз жените, осакатување на женските гениталии, правата на работното место и правото на државјанство.

### Клучни пораки

• Додавањето на човечката димензија во рамката за повеќедимензионална фрагилност (кревкост) на ОЕЦД фрла нова светлина врз одлучувачката улога што здравјето, образованието и другите фактори ја имаат врз искуствата на жените и девојчињата во кревки т.е. фрагилни државни контексти.

• Во споредба со другите земји во развој, жените и девојчињата во кревки државни контексти се повеќе изложени на различни здравствени ризици, како што се смртност на мајките, осакатување на женските гениталии и рана бременост; постои тенденција на пониски образовни резултати како резултат на дискриминација, но и како последица на повисоки здравствени ризици кои понатаму имаат значително влијание врз здравјето, когнитивниот и социо-бихејвиоралниот развој на нивните деца; исто така, женската популација доживува повисоки нивоа на родова дискриминација, има помал пристап до социјална заштита, работи во полоши работни услови и за пониски плати, што дополнително го попречува преточувањето на нивниот човечки капитал во зајакнувањето како личности.

• Фреквенцијата на кризи и конфликти во кревки државни контексти дополнително ги изложува жените и девојчињата на принуден/детски брак, неплатено економско учество и сексуално и родово насилство.

• Фрагилноста го спречува економското зајакнување на жените и го намалува потенцијлот за постигнување на подобри резултати на човечкиот капитал за сегашната и следната генерација.

Родовата еднаквост е вклучена во Рамката за фрагилност на ОЕЦД, а новата човечка димензија овозможува длабинска анализа на искуствата на жените во фрагилен државен контекст. Фактите наведени во овој напис сугерираат дека биолошките разлики меѓу мажите и жените и нивните различни општествени улоги ја обликуваат човечката фрагилност на повеќе начини. Здравствените и образовните резултати на жените во кревки државни контексти укажуваат на посебните предизвици во развојот, одржувањето и искористувањето на човечкиот капитал. Тоа се елементи кои го спречуват зајакнувањето на жените во домаќинството, нивниот економски потенцијал, како и идните резултати на човечкиот капитал на општеството. Но, резултатите од човечкиот капитал на жените се клучни за справување со кревкоста во државен контекст, градењето на отпорноста на општествата и поддршката на одржливиот развој. Проблемите, пак, што жените и девојките ги искусуваат во кревки државни контексти, имаат директни и индиректни ефекти врз постигнувањето на тие цели. Со оглед на овие наоди, важно е донаторите во африканските земји дополнително ја унапредат родовата еднаквост во нивните политики, во програмирањето и финансирањето како средства за справување со кревкоста. Поттикнувањето на законските промени кои ги дискриминираат жените, охрабрувањето на родово-чувствителните здравствени услуги и елиминирањето на дискриминаторските бариери за образованието на жените и девојчињата во кревки контексти, ќе ги унапредат напорите за родова еднаквост додека ја градат отпорноста на општествата. Затоа посебно се нагласува потребата родовата еднаквост да биде во центарот на напорите на донаторите за ефективно справување со кревкоста во државен контекст.

м-р Билјана Поповска
(адаптирано од https://www.oecd.org/dac/2022-women-girls-fragility.pdf)

# Кондиционен марш „Барешани 2022“

Кондиционите маршеви во ООЕ на ОРОРСМ се редовна практична содржина за која кај најголемиот број офицери и подофицери постои нагласен интерес. На овој начин тие, покрај кондицирањето и проверката на психофизичката оспособеност, се запознаваат и со географските и топографските карактеристики на теренот на кој престојуваат. Потврда на ваквата оцена е и кондиционо-едукативниот марш „Барешани 2022“, којшто на 12 ноември го организираше Извршниот одбор на ООЕ Битола,а со кој раководи резервниот поручник Веселин Стојчевски. На оваа практична содржина што се реализира во регионот на манастирот „Свети Меркури“ кај с. Барешени, учествуваа 46 резервни офицери и подофицери од Битола и од Демир Хисар.
Во оваа пригода, претставникот на ова духовно светилиште, Драги Котевски, информираше за историското минато на Манастирот од неговата изградба до денес. Пригодни обраќања пред присутните имаа: претседателот на ООЕ Битола Веселин Стојчевски и претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев.
По завршувањето на маршот, во просториите на Манастирот, по повод големиот јубилеј, 70-годишнината од основањето на ОРОРСМ, беа врачени повеќе признанија (плакета, јубилејна значка и благодарници). Плакета му беше врачена на долгогодишниот активист Милосав Стевановски; Јубилејна значка на проф.д-р Јове Талевски, Горјанчо Василевски, Веселин Стојчевски и Васко Ефтимовски, а на 13 активисти и 8 општествени субјекти им беа доделени благодарници.



# Свечена седница на ООЕ на ОРОРСМ Прилеп

На 15 ноември, во просториите на Градската библиотека „Борка Талески“ во Прилеп се одржа свечена седница на ООЕ на ОРОРСМ Прилеп по повод 70-годишнината од основањето на Организацијата. Пригодни обраќања пред присутните имаа претседателот на ООЕ на Прилеп Сашо Димовски и претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев. По повод одбележувањето на значајниот јубилеј беа доделени повеќе признанија на активисти и на општествени субјекти за нивниот придонес во развојот и унапредувањето на Организацијата.
Плакета им беше доделена на Сашо Димовски и на Илчо Дујаковски, а Јубилејна значка на Рајче Дамески, Мајран Аризанкоски и Дејан Џокоски. На 15 активисти и други општествени субјекти им беа доделени благодарници. Меѓу добитниците на ова признание е и Гарнизонот на АРСМ во Прилеп (признанието го прими командантот на Баталјонот, потполковник Славчо Кузманоски). Благодарници им беа доделени и на: Здружението „Карпалак“, Здружението на учесниците во војната во 2001 година и на Градската библиотека „Борка Талески“.



# Признанија за најдобрите во Валандово

По повод 70-годишниот јубилеј на ОРОРСМ, свечена седница се одржа и во Валандово на 5 ноември 2022 година.Пред присутните членови на ООЕ на ОРОРСМ Валандово, поздравни обраќања имаа: претседателот на ООЕ, Слободан Божинов, како и претседателот и потпретседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев и Љупчо Вуксанов. Потоа, на 15 активисти и општествени субјекти им беа доделени признанија за нивниот придонес во развојот на Организацијата.
Плакета му беше доделена на Владимир Николов, а Јубилејна значка на Слободан Божинов и на Каме Танчев. На 11 поединци-активисти и на 4 општествени субјекти (Општина Валандово, Црвениот крст, Одделението за одбрана и Домот на културата), им беа доделени благодарници.

Живко Трајановски





# „Паркот на револуцијата“ во Прилеп

„Паркот на револуцијата“ во градот-херој е сведоштво за големото учество и влог на Прилеп во Втората светска војна, за изградбата на македонската држава. Објектот е авторско дело на познатиот архитект, уметник и професор од Белград, Богдан Богдановиќ, кој го изработил во 1961 година по повод 20 години од почетокот на востанието. Паркот се наоѓа на јужната периферија на градот, хортикултурно е уреден со високорастителна борова шума и нискорастителна зимзелена флора, со вкупната површина од 67.600 квадратни метри. Има три главни делови – „Алеја на народните херои“, „Могилата на непобедените“ и споменик „Жена-борец“.
Освен главните делови, во рамките на комплексот има амфитеатар, спортско-рекреативни објекти, трим-патека, урбана опрема, мини зоолошка градина, кои дополнително го култивираат просторот. Изворната функција на „Паркот на револуцијата“, како меморијален комплекс, е повеќенаменска. Содржините нудат воспитно-образовни, културни, научни, туристички и спортско-рекреативни активности, вели советникот, историчарот Рубинчо Белчески од прилепскиот Завод и музеј кој, водејќи нè нас, но и групи низ Паркот, детаљно ни ја објасни функцијата.
Првиот дел е „Алејата на народните херои“. Алејата се наоѓа во една природно подигната ниша со садници и цветни грмушки. На сиви мермерни постаменти, високи околу два метра, наредени во права линија, се поставени бронзените бисти на десетте народни херои од Прилеп и Прилепско кои загинале за време на НОБ. Тука се спомен-бистите на народните херои:

Прилепчани се горди што борејќи се низ годините придонесоа да се гради државата. Стотици прилепчани во НОБ ги загубија животите, за што повеќемина беа прогласени за народни херои, бидејќи се вградија во слободата на земјата. Во нивна чест е изграден монументалниот меморијален комплекс „Парк на револуцијата“, кој е гордост на градот, на прилепчани и на Македонија

Кире Гаврилоски-Јане, Иле Игески-Цветан, Орде Чопела, Борка Талески, Кузман Јосифоски-Питу, Мирче Ацев, Борка Велески-Левата, Рампо Левката, Лазо Филипоски-Лавски и Круме Волнароски. Вториот дел е „Могилата на непобедените“. Во Могилата се поставени 8 монументални мермерни скулптури (антички урни, столбови, стилизирани амфори и сл.), со повеќекратно симболично значење. После нив се доаѓа до заедничката гробница, односно до криптата. Но, иако стилски различни, идејно и композициски тие претставуваат една целина, што уметнички го олицетворува единството во борбата на животот и смртта. Урните се направени од бел прилепски мермер. „Могилата на непобедените“ е заедничката кружна гробница – крипта, од типот на отворен толос со пречник од 7,40 м и висина од 3 метри. Могилата, на северната страна е отворена кон мермерните скулптури, односно кон градот Прилеп. На 35 плочи се исклесани имињата и презимињата на 462 загинати борци. Исто така, овде е исклесан и орденот „Народен херој“ за 10 прилепчани, оние од Алејата на народните херои и на двајца кои загинале во Прилепско, Киро Фетак и Манчу Матак. На просторот помеѓу „Алејата на народните херои“ и „Могилата на непобедените“, лево, во внатрешноста, се наоѓа споменикот „Жена-борец“, дело на академскиот скулптор Драган Попоски-Дада. На споменикот има две релјефни фигури на жени, исклесани на вертикално поставена мермерна плоча. Овој споменик е посветен на жената-борец која рамо до рамо, заедно со мажите-борци, била активен учесник во народноослободителното движење и во борбата за слобода, во сите форми на отпорот, како во заднина така и како припадник во партизанските единици – објаснува историчарот.
Од западниот влез на Паркот има амфитеатар со летна сцена каде што се одржуваат бројни настани, а во летниот период овде се прикажуваат и филмови. На територијата на „Паркот на револуцијата“ се изградени спортско-рекреативни објекти, односно фудбалско, ракометно, кошаркарско и одбојкарско игралиште, трим-патека, езерце и други содржини, а дополнително беа поставени клупи, канделабри и корпи за отпадоци. Но, тоа не значи дека тука треба да се застане. „Паркот на револуцијата“ треба повторно да биде обновен за уште поубаво да изгледа и да биде место за посета на секој добронамерник.

Каролина Мицевска
Зоран Василески



# Томас Харт Бентон Американскиот регионалист

Томас Харт Бентон бил американски сликар, муралист и графичар. Тој, заедно со Грант Вуд и Џон Стјуарт Кари, е еден од основачите на уметничкото движење „американски регионализам“. Течните, извајани фигури во неговите слики ги прикажуваа секојдневните луѓе во сцените од животот во Соединетите Држави. Бентон е роден во Неошо, Мисури, на 15 април 1889 година во влијателно семејство на политичари. Неговиот татко бил полковникот Месенас Бентон, адвокат, кој четири пати бил избран за американски конгресмен. Познат како „малиот џин на Озарците“, Месенас го крстил својот син по својот правујко, Томас Харт Бентон, еден од првите двајца сенатори на Соединетите Американски Држави, избрани од Мисури. Со оглед на политичката кариера на неговиот татко, Бентон го поминал своето детство на релација меѓу Вашингтон и Мисури. Во 1905/1906 година, надевајќи се дека неговиот син ќе изгради политичка кариера, го запишал на Западната воена академија. Бентон се побунил против плановите на неговиот татко. Тој веќе имал изградено свој цврст став и интерес за уметност што, патем, максимално го поддржувала неговата мајка. Кога бил тинејџер тој работел како карикатурист за американскиот весник „Џоплин“ во Џоплин, Мисури. Охрабрен од својата мајка, во 1907 година Бентон се запишува на Факултетот за уметност во Чикаго. Две години подоцна тој се преселил во Париз, односно во 1909 година, со цел да го продолжи своето уметничко образование на академијата „Џулијан“. Неговата мајка го поддржувала и финансиски и емоционално . По студирањето во Европа, Бентон се





преселил во Њујорк во 1912 година и продолжил да слика.
За време на Првата светска војна, тој служел во Морнарицата на Соединетите Американски Држави и бил стациониран во Норфолк, Вирџинија. Неговата работа поврзана со војната имала трајно влијание врз неговиот стил. Неговата задача била да прави цртежи и илустрации за работата и животот на бродоградилиштето како реална документација која силно влијаела на неговиот подоцнежен стил. По неговото враќање во Њујорк во раните 1920-ти години, Бентон се прогласил себеси за „непријател на модернизмот“ и започнал со натуралистичка презентација на секојдневни сцени од американскиот живот , историја и традиција, денес позната како американски регионализам. Тој ги обиколил Соединетите Американски Држави правејќи безброј скици кои подоцна ги сликал . По враќањето од Њујорк се населил во Канзас Сити и прифатил да работи како професор во Институтот за уметност во Канзас Сити. Оваа база му овозможила на Бентон поголем пристап до руралната Америка, која брзо се менувала. Поради неговото популистичко политичко воспитување, симпатиите на Бентон биле кон работничката класа и малиот земјоделец, кој не можел да стекне материјална предност и покрај Индустриската револуција.
Бентон предавал во Уметничката студентска лига на Њујорк од 1926 до 1935 година и во Уметничкиот институт во Канзас Сити од 1935 до 1941 година. Еден од неговите најпознати студенти е Џексон Полок, негов апсолутен ликовен контраст, којшто го основал движењето на апстрактни експресионисти. Полок често велел дека традиционалните учења на Бентон му дале нешто против што треба да се бунтува. Покрај Џексон Полок, Бентон им бил ментор и на цела една плејада американски сликари, меѓу кои биле братот на Полок, Чарлс Полок, Ерик Бренсби, Чарлс Бенкс Вилсон, Фредерик Џејмс, Ламар Дод, Реџиналд Марш, Чарлс Грин Шо, Маргот Пит, Џексон Ли Несбит, Роџер Медеарис, Џејмс Дуард Маршал, Глен Гант, Фулер Потер и Делмер Џ. Јоакум. Бентон, исто така, накратко му предавал и на Денис Хопер на Институтот за уметност во Канзас Сити. Подоцна Хопер станал познат актер, режисер и фотограф.
За време на Втората светска војна Бентон создал серија слики со наслов „Година на опасност“, која ја прикажува заканата за американските идеали од фашизмот и нацизмот. Отпечатоците беа широко распространети. По војната, популарноста на регионализмот почнала да се намалува, засенета од подемот на апстрактниот експресионизам.
Бентон починал во 1975 година, работејќи во своето студио во Нешвил, Тенеси, додека го завршувал својот последен мурал „Изворите на кантри-музиката“ за Куќата на славните на кантри-музиката.

м-р Трајче Чатмов







# „Англискиот пациент“

„Англискиот пациент“ е романтичен драмски филм снимен во 1996 година. Сценариото на филмот се базира на истоимениот роман на канадскиот писател Мајкл Ондатји. Филмот е награден со 9 оскари. Дејствието во филмот се случува пред и за време на Втората светска војна и, иако не се смета за типично воен филм, војната е присутна во текот на целото дејствие на филмот, влијаејќи на однесувањето и на постапките на сите ликови во филмот.
Филмот е приказна за една голема љубов, за судбината и за недоразбирањата. Дејствието во филмот е прикажано преку повеќе приказни од минатото и сегашноста кои се одвиваат во две фази. Филмот го опишува пронаоѓањето на еден изгорен човек, пронајден од британската армија во текот на 1944 година во Италија, кој не се сеќава на ништо. Изгорениот човек британските медицинари го нарекуваат „англискиот пациент“. За него, и по заминувањето на војската, се грижи медицинската сестра Хана (Жилиет Бинош), која успева да го пренесе во еден напуштен манастир и таму го негува сѐ до неговата смрт. Со текот на времето таа дознава дека пациентот е унгарскиот гроф Ласло де Алмаси (Ралф Фајнс), познат археолог кој ја предводел археолошката и геодетската експедиција во Египет и изработувал географски карти.

**Приказната за трагичната љубов**
Преку сеќавањата на англискиот пациент се развива првата фаза на филмот која ги следи доживувањата на грофот Ласло де Алмаси во Египет во годините пред започнувањето и во текот на Втората светска војна. Ласло и неговиот партнер, Англичанецот Медокс, вршат истражувања во Сахара, а набргу им се придружуваат Џефри (Колин Ферт) и неговата жена Кетрин (Кристин Скот Томас), со цел финансиски да ја помагаат експедицијата. Грофот Ласло де Алмаси е маѓепсан од убавината и префинетоста на младата Англичанка. Нејзиниот маж Џефри е често отсутен и меѓу нив се развива романтична љубов. Во периодот непосредно пред започнувањето на Втората светска војна, грофот Ласло, истражувајќи во Сахара, пронаоѓа неоткриени пештери во кои има цртежи и слики уште од античко време. Ова претставува огромен археолошки триумф на експедицијата. Во истиот период и љубовта помеѓу Ласло и Кетрин го достигнува својот врв, но одеднаш како да запира, поради грижа на совест од страна на мажената жена. Ласло е очаен, љубоморен и гневен заради таквиот развој на нивната романса. Реагира импулсивно и непромислено и ја оддалечува Кетрин од себе.
Разгорувањето на воените дејства на тлото на северна Африка доведува до застој на ископувањата во областа на пештерите, а Медокс и Алмаси го раскинуваат партнерствoтu и секој заминува по својот пат. Во меѓувреме Џефри дознава за аферата на неговата сопруга и очаен и разочаран сака да се одмазди. Тој тргнува со авион во кој се наоѓа и неговата сопруга Кетрин за да го земат грофот Алмаси од пустината. Целта му е да го урне авионот врз грофот и сите да загинат. Грофот Ласло успева да го избегне авионот кој паѓа, Џефри загинува на лице-место, а Кетрин е тешко повредена. Ласло ја извлекува Кетрин од урнатините на авионот и на раце ја носи до пештерата. Увидувајќи дека жената која неизмерно ја сака е тешко повредена, тој решава да побара помош, оставајќи ѝ вода, оган и батериска светилка. Тој тргнува пешки низ пустината за да стаса до Каиро и да доведе помош. Исцрпен, на крајот од силите, Алмаси стигнува до градот, кој е под владение на Велика Британија, но не успева да се разбере со британските воени разузнавачи за авионската



несреќа и состојбата во која се наоѓа Кетрин. Бидејќи реагира импулсивно и бурно во текот на испитувањето, воените власти се сомневаат дека е германски шпион и го затвораат во воениот затвор. Грофот Алмаси успева некако да избега од воениот затвор на Британците и да стаса до германските единици во овој дел на Египет. Преговара со Германците да му помогнат да го оспособи британскиот авионот за да се врати во пештерата и да ја земе Кетрин, а за возрат им ги дава географските карти коишто ги изработил.
Додека Ласло лета кон пештерите, Катрин умира. Со неизмерна болка и тага се соочува со смртта на Кетрин и решава да го пренесе со авионот телото на починатата жена во Каиро. Во текот на летот тој е забележан од германски противавионски единици кои го гранатираат малиот британски авион. Една граната го запалила моторот и авионот се урива во пустината. Грофот Алмаси, целиот изгорен, но сепак жив, го пронаоѓаат локалните Арапи кои им го предаваат на британските воени единици. Британските власти во Каиро знаат за авионската несреќа на Џефри и Кетрин кои заминале со авионот да го земат Ласло и дека ниту еден од нив не е преживеан.Тие, исто така, веќе дознале дека Ласло им ги предал на Германците важните географски карти и се сомневаат дека грофот Алмаси е германски шпион. Неговиот партнер, Медокс, се чувствува предадено и од срам си го одзема животот. Во тоа време некогашниот пријател на Ласло, Дејвид Караваџо (Вилием Дефо), соработува со британските рзузнавачи во Каиро и дознава за случајот со грофот Ласло де Алмаси. Караваџо подоцна е преместен во Тобрук во Либија и за време на германскиот напад врз Тобрук во 1942 година  е заробен од



страна на Германците како припадник на британската разузнавачка служба. Германците, во текот на испрашувањето му ги сечат двата палци на рацете. Караваџо дознава дека Ласло е жив и ветува дека ќе го пронајде и ќе го убие бидејќи е германски шпион.

### Случувањата во манастирот

Втората фаза на филмот започнува во Италија во 1944 година. За грофот Алмаси сè уште се грижат британските медицински единици. Никој не го знае неговото вистинско име бидејќи тој се преправа дека го изгубил помнењето. Тој е блиску до смртниот час и се одржува со морфиум. Медицинската сестра Хана, која го негува, решава да ја напушти единицата и да се грижи за него во еден манастир. Во манастрирот се случуваат неколку важни настани.
Прво доаѓа Караваџо, по него Кип (Нејвен Ендрус), британски специјалист-деминер. Кип и Хана  започнуваат љубовна врска, но Кип мора да замине во Фиренца. Караваџо го обвинува Алмаси дека е германски шпион, дека ги убил Џефри и Кетрин и дека е виновен за отсечените палци на неговите раце. Но, откако Ласло му раскажува што навистина се случило и зошто им ги предал картите на Германците, Караваџо му простува.  Грофот Алмаси умира на рацете на Хана. Караваџо и Хана заминуваат од манастирот за Фиренца.
Филмот важи за еден од најдобрите романтични филмови, а за тоа придонесува врвната актерска екипа, доброто сценарио, прекрасните филмски пејзажи и мајсторската режија.

Кристина Трајановска



**Режија**: Антони Мингела

**Улоги**:  Ралф Фајнс, Жилиет Бинош, Вилјем Дефо, Кристин Скот Томас, Навин Ендрус, Колин Фирт

**Музика:** Габриел Јарид

**Кинематографија**: Џон Сил

**Монтажа**: Валтер Мурч

**Дистрибутер**: „Miramax Films“

**Времетраење**: 155 минути

**Година**: 1996



# Станечки Водопади

Станечките Водопади на Козја Река се наоѓаат во северниот дел на Осоговските Планини, кај с. Станци, 8 километри јужно од Крива Паланка. До самото село Станци во долината на Дурачка Река води асфалтен пат долг 5 километри. Потоа се тргнува по патека што води покрај Козја Река и, по речиси 3 километри или 30-тина минути пешачење, се доаѓа до големиот Станечки Водопад. Водопадот е на надморска височина од 1160 метри и функционира во текот на целата година. Неговата височина изнесува 11 метри и претставува најголем постојан водопад на Осоговските Планини. Во подножјето на овој ерозивен водопад, со вртложното движење на водата е создаден голем природен базен. Од овој базен речната вода во слапови истекува кон помирниот дел на Козја Река, паѓајќи уште 3 метри на релативно кратко растојание, така што водата вкупно се спушта 14 метри. Водопадот е релативно пристапен и се наоѓа во густа букова шума, што заедно со бистрата речна вода која се прелева кон околината му дава посебна убавина. Кон повисоките делови има уште неколку мали водопади кои го надополнуваат амбиентот. Освен водопадите, на овој простор има интересна појава на огромни карпести блокови, настанати со механичко распаѓање.
Самата долина на Козја Река е тесна и на одредени места речиси е вертикална, со изглед на мал кањон, па искачувањето по неа е мошне тешко. Кон исток, долината стрмно се издига кон билото на Калин Камен, на околу 1800 метри и понатаму кон Царев Врв, што може да биде интересна рута за планинарење. Сето ова, надополнето со свежата и пријатна клима, чистиот воздух, зеленилото, архаичните објекти на с. Станци и на с. Дурачка Река, како и блискиот етно ресторан и рибник, овозможуваат посетата на овој простор да претставува едно извонредно доживување.

Кристина Илиевска



# на Козја Река








